Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“- Свети Николе

Факултет за Психологија

Последипломски студии, насока – Психологија во социјалната заштита



Магистерски труд по предметот – ПСИХОЛОГИЈА ВО ЗАЕДНИЦАТА

на тема:

„Застапеност на психолошкото во законот за заштита на децата на Република Северна Македонија“

Ментор:
Проф. д-р Мирослав Пендароски

Кандидат:
Андријана Паскоска

Скопје, Октомври, 2021 година

Апстракт

Социјалната заштита е основата на сите човекови граѓански и социјални права. Психолошкото во социјалната заштита е еден од круцијалните и суштински негови аспекти, затоа што социјалната заштита не подразбира само социјална и егзистенцијална добробит, туку и ментално здравје и добросостојба за што подобро и поквалитетно севкупно функционирање на поединецот. Особено е значајна социјалната заштита на децата затоа што тие се иднината на нашето општество. Темата на овој магистерски труд е да се истражи застапеноста на психолошкото, менталното во законот за заштита на децата. Идејата потекна од заклучокот дека психолошкото, т.е. појавите и состојбите од психологијата на детето не се доволно застапени во законот за детска заштита. Претпоставка на авторката е дека психолошкото е помалку застапено од социјалното, педагошкото и егзистенцијалното во законот. Авторката смета дека тоа е така заради недоволната свесност за значајноста на психолошкото во севкупната заштита и добробит на детето и неговиот најдобар интерес. Со цел да се утврди точноста на хипотезата/те употребен е метод на анализа на содржина на целиот текст на законот за заштита на децата од аспект на постоењето на процентуална застапеност на четирите најважни категории/варијабли: психолошко, социјално, егзистенцијално, педагошко. Потоа се споредувани застапеностите на сите четири категории и се проверуваат хипотезите. Целта на трудот е да ја прошири свесноста за важноста на психолошките елементи на законот и неговата (не)доволна застапеност во истиот со цел таа состојба да се измени во секое ново надополнување на законот

Клучни зборови: *психолошко, социјално, егзистенцијално, педагошко, детска заштита*

Abstract

Social protection is the basis of all human civil and social rights. Psychology in social protection is one of its crucial and subtle aspects, because social protection implies not only social and existential well-being, but also mental health and well-being for better and better overall functioning of the individual. The social protection of children is especially important because they are the future of our society. The topic of this master's thesis is to investigate the representation of the psychological, mental in the law for child protection. The idea came from the conclusion that the psychological, ie. the phenomena and conditions of the child's psychology are not sufficiently represented in the child protection law. The author's assumption is that the psychological is less represented than the social, pedagogical and existential in the law. The author believes that this is due to insufficient awareness of the importance of the psychological in the overall protection and well-being of the child and his best interest. In order to determine the accuracy of the hypothesis / s, a method of analysis of the content of the entire text of the law on child protection was used from the aspect of the existence of percentage representation of the four most important categories / variables: psychological, social, existential, pedagogical. Then the representations of all four categories are compared and the hypotheses are tested. The aim of the paper is to expand the awareness of the importance of the psychological elements of the law and its (insufficient) representation in it in order to change that situation in each new amendment to the law.

Keywords: *psychological, social, existential, pedagogical, child protection*

Содржина:

Вовед ---------- 8

ПРВ ДЕЛ

I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

I.1. Определба на поимот социјална заштита и сродните поими ---------- 10

I.2. Определба на поимот детска заштита и сродните поими ---------- 13

I.3. Теории на социјална работа од аспект на социјалната заштита ---------- 16

I.4. Некои проблеми, предмет, цели и поими за одредување на предметот на науката за социјалната работа ---------- 17

1.5. Групи теории во социјалната работа и нивната значајност за социјалната заштита: -- 21

- психо-ориентирани теории на социјалната работа
- теории на социјалната работа ориентирани на социологија
- психолошко-социолошки теории
- теории на социјална работа
- хуманистичко-егзистенцијални теории
- интердисциплинарни теории
- психодинамски теории
- теоријата на Роснер
- теоријата на Пинкер

- теориите на Кендал, Кан и Барлет
- граѓанска теорија на потребите и нејзината типологија
- марксистички пристап кон човековите потреби
- теоријата на Ерих Фром од аспект на потребите и социјалната заштита
- теорија на Малком Пејн

I.6. Социјалната заштита и основни права од социјалната заштита ---------- 30

I.7. Важноста на социјалната заштита за психолошкиот развој на децата ---------- 34

I.8. Психолошкото и неговото присуство во законите за социјална заштита на децата -----38

I.9. Релевантни истражувања во областа ---------- 39

ВТОР ДЕЛ

II. МЕТОДОЛОШКИ ДЕЛ

II.1. Истражувачки проблем ---------- 45

II.2. Истражувачки прашања ---------- 45

II.3. Истражувачки хипотези ---------- 46

II.4. Варијабли ---------- 47

II.5. Метод ---------- 48

II.6. Инструменти ---------- 49

II.7. Статистичка обработка на податоците ---------- 49

ТРЕТИ ДЕЛ

III. РЕЗУЛТАТИ, ДИСКУСИЈА И ЗАКЛУЧОК

III.1. Резултати ----------51

III.1.1. Општ приказ на делот со резултати, дискусија и заклучок од истражувањето ------- 51

III.1.2. Општ приказ на резултатите ---------- 53

III.1.3. Резултати добиени од тестирање на главната хипотеза ---------- 63

III.1.4. Резултати добиени од тестирање на потхипотеза 1 ---------- 65

III.1.5. Резултати од тестирање на потхипотеза 2 ---------- 67

III.1.6. Резултати од тестирањето на потхипотеза 3 ---------- 68

III.1.7. Резултати од тестирањето на потхипотеза 4 ---------- 70

III.1.8. Резултати од тестирањето на потхипотеза 5 ---------- 72

III.1.9. Резултати од тестирањето на потхипотеза 6 ---------- 74

III.1.10. Резултати од тестирањето на потхипотеза 7 ---------- 76

III.2. Дискусија ---------- 78

III.2.1. Општа дискусија ---------- 78

III.2.2. Дополнителна дискусија по посебните хипотези ---------- 83

III.3. Заклучок ---------- 88

Користена литература ---------- 90

ДОДАТОК

(приказ на инструментот користен во трудот)

РАБОТНА МАТРИЦА СО КАТЕГОРИИ НА ПОСЕБНИ ПОИМИ/ЗБОРОВИ (приказ на дел од работната матрица) ---------- 96

Вовед

Социјалната заштита е основата на сите човекови граѓански и социјални права и како таква, таа претставува основа на севкупната психосоцијална добросостојба на луѓето.. Психолошкото во социјалната заштита е еден од круцијалните и суштински негови аспекти, затоа што социјалната заштита не подразбира само социјална и егзистенцијална добробит, туку и ментално здравје и добросостојба за што подобро и поквалитетно севкупно функционирање на поединецот. Под поимот психолошко, се подразбира секоја појава која се однесува на психолошкото/менталното во човекот, без разлика дали и припаѓа на интелектуалната, мотивационата или пак афективната/емоционалната област од неговата личност. Особено е значајна социјалната заштита на децата затоа што тие се иднината на нашето општество. Психолошкото/менталното кај децата е од суштинско значење, бидејќи тоа е почеток на изградувањето на нивниот карактер и личност. Заштитата на правата кои се однесуваат и на психолошкото означуваат свесност на едно општество околу значајноста и на овие аспекти во севкупната заштита на децата и обезбедување нивен развој и добросостојба. Авторката на трудот смета дека психолошкото како сегмент не е доволно застапено во законот за социјална заштита воопшто а исто така посебно во законот за детска заштита во нашата држава поради повеќе фактори: предоминација на социјалното и егзистенцијалното, преголемиот акцент на основните елементи на заштита и сигурност и др. Поради тоа, темата на овој магистерски труд е да се истражи застапеноста на психолошкото, менталното во законот за заштита на децата. Како што е истакнато и погоре, идејата потекна од заклучокот дека психолошкото, т.е. појавите и состојбите од психологијата на детето не се доволно застапени во законот за детска заштита. Претпоставка на авторката е дека психолошкото е помалку застапено од социјалното, педагошкото и егзистенцијалното во законот. Авторката смета дека тоа е така заради недоволната свесност за значајноста на психолошкото во севкупната заштита и добробит на детето и неговиот најдобар интерес. Со цел да се утврди точноста на хипотезата/те употребен е метод на анализа на содржина на целиот текст на законот за заштита на децата од аспект на постоењето на процентуална застапеност на четирите најважни категории/варијабли: психолошко, социјално,

егзистенцијално, педагошко. Потоа се споредувани застапеностите на сите четири категории и се проверуваат хипотезите. Целта на трудот е да ја прошири свесноста за важноста на психолошките елементи на законот и нивната недоволна застапеност во истиот со цел таа состојба да се измени во секое ново надополнување на законот. Споредувани се процентите на застапеност на секоја од четирите категории во трудот за да се провери точноста на хипотезите.

Содржински, во првиот дел на трудот се изнесени неговите теоретски основи, т.е. основните дефиниции и теоретски концепции на социјалната заштита, теориите на социјалната работа од аспект на социјалната заштита, како и посочени се релевантни истражувања во областа на социјалната заштита од аспект на присутноста на психолошкото во законите на други држави. Во вториот дел од трудот е презентиран методолошкиот дел на истиот, т.е. презентирани се варијаблите, хипотезите, методот користен во трудот како и техниките и резултатите од истражувањето. На крајот е поместена релевантната дискусија околу заклучоците и изваден е краток заклучок за наодите од научниот труд. На самиот крај посочена е сета користена и цитирана литература во трудот и во анексот се поместени неколку примери од анализираните категории.

I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

I.1. Определба на поимот социјална заштита и сродните поими

Во воведот на теоретскиот дел од магистерскиот труд ќе се осврнеме на некои општи определби на најважните поими од социјалната заштита воопшто, како важен сегмент за целите на овој труд и нашето истражување. Овие разгледани поими се директно поврзани со целите на пова истражување и ќе помогнат читателот да ја согледа меѓуповрзаноста на сите поими од аспект на социјалната заштита воопшто и посебно, социјалмната заштита на децата, со акцент на заштитата и унапредувањето на менталното здравје и добросостојба кај нив.

Да се зборува за социјалната заштита во 21-от век е огромна одговорност. Тоа е така поради фактот дека овој поим се променувал во своето значење согласно текот на времето и менувањето на социјалните, егзистенцијалните и психолошките особености на концептот на живот кој се усложнува и надоградува. Генерално, под поимот социјална заштита денес се подразбира нешто кое ги – *опфаќа сите мерки, закони и практики со кои поединецот се заштитува себеси од главните животни ризици какви што се: хронична болест или повреда и со тоа поврзаните финансиски ризици (зголемени трошоци за лечење и губиток на приходи), попреченост, губиток на работа (безработност), природни несреќи, војна или пак сите закони и практики со кои се ублажуваат штетните последици од тие настани* (според: Ljubica Mandić, predstavnici PZSZ, 2011, стр. 11) Ако ја погледнеме оваа општа определба, дефиниција на социјалната заштита веднаш ќе заклучиме дека социјалната заштита претставува широк спектар на практики покриени со соодветните закони со кои се спречуваат сиве набројани социјални ризици или пак сузбивање и/или намалување на штетните последици од нив, т.е. нивно ублажување. Во објаснението е забележлив зборот социјален ризик. Во суштина социјален ризик претставува – *ризик од појава на настани или состојби кои можат драматично да влијаат на животниот стандард на поединцитет и нивните*

семејства и/или врз нивната способност да учествуваат во потполност во општествениот и културниот живот на нивната заедница (според: Ljubica Mandić, predstavnici PZSZ, 2011, стр. 12) Според наведеното, под социјален ризик се подразбираатниза настани и/или состојби кои, пред се, го задираат стандардот на граѓаните а со тоа им ги попречуваат и/или оневозможуваат учествата со севкупниот оптествено-социјален и културен живот во заедницата а со тоа влиујаат и на менталното здравје и благосостојба. Можеби токму оваа дефиниција наведува на поврзаноста на социјалните, егзистенцијалните и психолошките фактори на севкупното општествено функционирање а со тоа ни укажува на взаемноста и неделивоста на сите овие споменати варијабли. Од аспект на заштита на менталното здравје и психолошките фактори, лесно може да се заклучи дека поширокиот спектар на социјални појави директно го загрозува и/или влијае врз/на менталното здравје и севкупниот квалитет на живот. Важната смисла на ваквите разгледувања, а од аспект на заштита на децата наведува на свесноста за повиканоста на сите засегнати варијабли една врз друга. Ако е загрозен социјалниот стабндар на живот автоматски ќе биде засегнато и социјално-културното живеење а со тоа и менталната добробит на граѓаните, итн.

Ако ги наведеме сега на ова место главните наќела на социјалната заштита, кои се дел од сите закони за социјална заштита и сите појмовници од социјалната заштита, ќе забележиме дека сите тие се однесуваат на општата добросостојба на поединците-корисници на социјалната заштита, а тоа е важен поим за овој труд, бидејќи наведува на сеповрзаноста на социјалното, психолошкото, егзистенцијалното. Некои од овие начела се: начело на почитување на интегритетот и достоинството на корисникот, начело за забрана на дискриминацијата, начело на најдобриот интерес, начело на ефикасност на социјалната заштита, начело на благовременост на социјалната заштита, начело на целовитост на социјалната заштита, начело на достапноста на социјалната заштита и индивидуализација на социјалната заштита и др. (според: Ljubica Mandić, predstavnici PZSZ, 2011, стр. 7) Со еден генерализиран поглед и површна анализа на овие суштински начела, веднаш ќе забележиме дека сите тие се однесуваат на некаков вид на почитување на правата на секој поединец за користење на социјалната заштита, особено за квалитетот

на таа заштита, нејзината благовременост и целовитост. Притоа, еден многу важен сегмент е фактот дека се нагласува индивидуализацијата на таа заштита, т.е. прилагодување на видовите на социјална заштита на посебните и специфични потреби на секој поединец. Особено е важно да се почитуваат овие начела кога се децата во прашање, со акцент на заштитата на нивните права и квалитетот на таа заштита со 0глед на ранливоста и особеноста на оваа популација.

Поимот социјална грижа или социјална нега подразбира – *услуги наменети на одредени загрозени и зависни општествени групи, какви што се: деца, стари лица, физички попречени луѓе, ментално болни и/или попречени и др*. (според: Ljubica Mandić, predstavnici PZSZ, 2011, стр. 11) Овој поим, како што може да се види, го означува средишното во социјалната заштита а тоа е грижата, т.е. негата за оние на кои им е најмногу потребна. Важно е да се види дека децата се секогаш една од најзагрозените категории и тоа без некоја специјална причина (болест, попреченост итн.), туку само заради нивната ранливост, зависност од возрасните и нивната незрелост и потреба од правилен развој. Сетоа тоа докажува колку е важна социјалната заштита за нив како најважна категорија поединци. Фактот дека под поимот нега се подразбираат услуги (како што е потенцирано) и за менталбо попрешените и/или болните, ја засилува свесноста дека менталбното здравје е важен сегмент од законите и постапките за социјалната заштита, пред се на децата.

Поимот социјална помош подразбира – прописи, мерки, програми и услуги кои ги пружа државата, институциите и/или поединци а кои служат за да би се помогнало на поединци, семејства и/или на категории граѓани кои немаат или имаат недоволен пристап до други извори на приход и/или услуги кои се потребни за достоинствен живот, како и за учество во социо-културниот живот на заедницата (според: Ljubica Mandić, predstavnici PZSZ, 2011, стр. 11)

Постојат и многу други сродни и значајни поими, но, во интерес на трудот и неговите цели овде се поместени неколку кои се најзначајни им кои ќе се споменуваат често во материјалот, како во теоретски, така и во методолошки поглед.

I.2. Определба на поимот детска заштита и сродните поими

Заштитата на децата е една од најважните задачи на секое општество кое има тенденција да биде интегрирачко, заштитничко и праведно, особено за неговите најзависни членови – децата. Денес под овој поим се подразбираат многу широки определби кои низ годините на развој на концептот за заштита на децата и создавањето на системите за конкретна заштита се определувал се попрецизно и добивал подефинитивна форма. Најинтегративната определба на поимот заштита на децата, или детска заштита ја има донесено УНИЦЕФ, како главна единица на обединетите нации специјализирана за грижа за децата. Во таа определба под овој поим се подразбира – *широк термин за да се опишат напорите да се заштитат децата од штета, т.е. од било каква форма на повреда. Уницеф го користи овој термин за да опише превенција и одговор на насилство, експлоатација и залоупотреба врз децата* (ед. Deborah McGill, 2012, стр. 5)

Ако ја погледнеме оваа дефиниција забележуваме дека терминот детска заштита, или заштита на децата се однесува на широк дијапазон на постапки, кои поаѓаат од превенција и се движат до адекватен одговор на институциите секогаш кога имаме било каква форма на злоупотреба или наштетување врз/над децата. Во овој широк опсег на можни штетни влијанија врз децата спаѓаат како егзистенцијални и материјални занемарувања (сиромаштија, негрижа за здравјето на детето, неквалитетна храна итн.), работна експлоатација (злоупотреба на детскиот труд, питачење и злоупотреба на деца за доаѓање до материјални придобивки итн.) така и емоционални и психолошки злоупотреби на децата (емоционално злоставување, физичко насилство, сексуално злоставување и др.) Значи, определбата сама по себе ја доловува комплексноста на детската заштита и низата опасности по севкупната детска дпобробит и благосостојба.

Во македонскиот закон за заштита на децата (консолидиран текст), кој ќе биде основа на нашата анализа, согласно со одредбите на обединетите нации и УНИЦЕФ, под терминот заштита на децата се подразбира - *организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и*

на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика. (Законот за заштита на децата („Сл.весник на Република Македонија“ бр.23/13, стр. 1) Определбата на терминот во нашиот закон како што се гледа од текстот, подразбира организирана, структурирана и систематизирана дејност која е заснована пред се, на правата на децата но и правата на родителите и нивните обврски, како и одговорн остите на локалната самоуправа. Тоа наведува на фактот дека под овој термин се подрљазбира не стихијна, туку силно организирана и законски утврдена дејност со низа постапки определени во низа членови од овој закон а во кој се вметнати и одредби од други сродни закони и подзаконски акти. Понатаму, во вториот дел од членот 2 се вели - Заштитата на децата се остварува со обезбедување на услови и ниво на животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата. („Сл.весник на Република Македонија“ бр.23/13, стр. 1), што уште еднаш недвојбено ја покажува комплкесноста и мултидимензионалноста на детската заштита, која во себе ги обединува сите аспекти: материјално-егзистенцијалниот, физичкиот, емоционалниот, социјалниот и моралниот. Тоа значи дека под овој термин се подразбираат сите страни на животот на детето и неговиот севкупен интегритет. Особено е важно да се истакне дека како еден од најважните аспекти е секако емоционалниот како интегрален дел од севкупниот психолошки аспект на животот на децата. Токму во овој труд се разгледува застапеноста на психолошкото во законот за детска заштита на република Северна Македонија.

На ова место ќе наведеме уште неколку поими од детската заштита кои ги сметаме за релевантни за нашето истражување, т.е. оние кои го засегаат пред се психолошкото во заштитата на децата а со цел да биде појасна целта на истражувањето и неговата значајност.

Трговија со деца: *Трговија со деца е регрутирање, транспорт, трансфер, прибежиште или примање деца заради експлоатација*. (ед. Deborah McGill, 2012, стр. 5) Оваа форма на злоупотреба е една од најчестите, особено во недоволно развиените земји и во земјите во развој. Секако, ваквата економска експлоатација и трговија со децата за разни штетни

цели има за последици низа психолошки состојби и патолошки манифестации врз севкупното здр5авје на децата а особено врз нивното ментално здравје.

Благосостојба на детето: *Доброто на детето може да се сфати како квалитет на животот на детето. Тоа е динамична состојба што се подобрува кога едно лице може да ги исполни своите лични и социјални цели. Широк спектар на домени и мерки се користат за проценка на нивото на благосостојба во детството. Фондот за деца на Обединетите нации користи шест димензии: материјална благосостојба, здравје и безбедност, образование, односи меѓу врсници и семејства, однесување и ризици и субјективно чувство на добро на децата*. (ед. Deborah McGill, 2012, стр. 5) Особено е важно да се истакне дека во овие определби на добросостојбата на децата акцентот меѓу другото, се става токму на неколку сегменти кои го опфаќаат социо-психолошкото функционирање на децата и нивниот социјален живот а секако и педагошко-образовните димензии на проблематиката, со што уште повеќе се акцентира влијанието на штетните дејства врз детската добросостојба. Ако ја погледнеме последната реченица, увидуваме дека едно од најважните нешта е субјективното чувство за добросостојба на самите деца, што е во основата на човековите права и сопствената перцепција на тоа што се подразбира под поимот добросостојба.

Сексуална експлоатација: *дејство со кое, обично возрасно лице, постигнува сексуални односи и задоволување на сексуални потреби, финансиска добивка или напредување преку злоупотреба или експлоатација на сексуалноста на детето* (ед. Deborah McGill, 2012, стр. 5) Една од најстрашните форми на штетни дејства врз децата се секако сексуалните дејства, со кои се добива некаква корист со злоупотреба на детската сексуалност, а што остава длабоки трауми и последици врз идниот и сегашниот психосексуален развој на детето и неговото поимање на сопственото тело и сопствената сексуалност како негова природна даденост. Сексуалната експлоатација е една од најперфидните форми на злоупотреба која има несогледливи последици по севкупното функционирање на детето а особено по неговото интегрално ментално здравје.

Социјална стигма: *Социјалната стигма се однесува на предрасуди и негативни ставови кон луѓе чии лични карактеристики или верувања се сметаат за различни или против културните норми. Социјална стигма често доведува до акти на дискриминација*. (ед. Deborah McGill, 2012, стр. 5) стигматизирањето на децата уште од најмала возраст ги доведува во дискриминирана позиција и ги намалува нивните можности за хумано постапување од страна на институциите, врсниците и сите засегнати страни а што доведува до намалување на квалитетот на живот и оневозможување на правичен развој во животот.

Насилство врз деца: *Насилство врз децата се дефинира како сите форми на физичка или ментална повреда, злоупотреба, занемарување или експлоатација*. (ед. Deborah McGill, 2012, стр. 5) денес е познато дека постојат низа видови на насилство и за разлика од постарите определби, во кои физичкото насилство добиваше најголем акцент, денес тука спаѓаат и сексуалното насилство, емоционалното, социјалното и интелектуалното.

I.3. Теории на социјална работа од аспект на социјалната заштита

Низ историјата на теоретизирањето во социјалната работа, се појавиле мноштво теории кои ја засегаат не само социјалната работа туку и специфичните аспекти ан социјалната заштита а секако и заштитата на децата. Денес постојат многу теоретски гранки (дел од нив ќе бидат разгледани во делот за групи теории – глава 1.6.): психодинамски теории, теории произлезени од социологијата, социо-психолошки теории итн. Според некои автори (Knežević, 2009), најважните теоретски придонеси кои ги поврзале социологијата и социјалната работа се оние на: еколошката теорија на Роберт Парк и Ернст Бургес, теоријата на социјалната дезорганизација на Вилијам Ајзак Томас и Флоријан Знаниецки, теоријата на диференцијални асоцијации на Едвин Сатерленд, теорија на културниот конфликт на Торстен Селин, симболичкиот интеракционизам на Херберт Мид, Херберт Блумер и Ирвинг Гофман. Постојат и т.н. хуманистичко-егзистенцијални теории, теории на социјалната заштита од

економски аспект и интердисциплинарни теории. Во главата за специфичните теории, согласно потребите на овој труд, ќе бидат малку подетално разгледани некои од споменатите теории со акцент на нивната важност за детската заштита и психолошкото во заштитата на децата, како и нивниот придонес севкупно врз менталното здравје и добросостојбата на децата.

I.4. Некои проблеми, предмет, цели и поими за одредување на предметот на науката за социјалната работа

Современата наука одамна го надмина монолитното поимање на т.н. чисти науки, т.е. во современата наука веќе се верува во холистички, целовит, мултидимензионален и интегративен пристап. Тоа значи дека повеќето науки, а во прв ред општествените, се повеќе се комбинација од повеќе приоди кои градат една смислена целина. Па така, како и психологијата, која денес е мултидисциплинарна и отворена наука, така и социјалната работа и политика во своите теоретски основи е многу отворен систем на научни дисциплини и подрачја. Особено тоа се однесува за социјалната работа која опфаќа низа на подрачја како од социјалните науки така и од хуманистичко-егзистенцијалистичките научни дисциплини. Таа во себеси ги инкорпорира сознанијата на социјалната психологија, развојната психологија, психологијата на личноста, социологијата, антропологијата, педагогијата, социјалната педагогија, медицинските дисциплини и многу други. Во природата на нејзиниот предмет е поединецот како дел од општественото живеење и тоа од аспект на неговото достоинствено и нормално социјално-културно живеење. Најопшто земено, социјалмната работа е широк спектар на научни дисциплини и практики кои за цел ја имаат добросостојбата на човекот, со особен акцент на категориите граѓани кои се во некаков социјален ризик: стари лица, лица со попреченост, дискриминирани поединци, мпоединци со специфични социјално-воспитни проблеми и секако децата како најширока популација од сиве овие. Особен е акцентот на некои категории деца кои се социјално ранливи и/илис е во социјален ризик: деца на улица,

деца жртви на семејно насилство, деца деликвенти, деца од дисфункционални семејства и др. Психолошкото и социјалното во социјалната работа и политика се меѓузависни и секогаш надополнувачки варијабли кои меѓусебно влијаат на различни начини. Токму затоа, социјалната работа и науката за социјалната работа секогаш е во тесна врска со психологијата и со нејзините посебни дисциплини кои се однесуваат токму на ранливите категории поединци и групи. Како што истакнува Доневска, на почетокот науката за социјалната работа се базира врз темелите на позитивстичко-функционалната теорија која верува дека сето сознание доаѓа од искуствоти, и според неа, таа парадигма долги години (особено во крајот на 19-от и до средината на 20-от век) доминира се додека не се променат општествените услови кои бараат нови научни парадигми (според: Доневска, 1998) Според Доневска, научната теорија, во најтесна смисла на зборот, означува проверен хипотетички став кој се однесува на закон или хипотеза применета во целата област или вид на појава со цел за нивно осознавање т.е. опис и научно објаснување. Согласно со тие услови, се смета дека самата социјална работа нема своја специфична или посебна теорија и како резултат на тоа се потпира врз психолошки, антрополошки, педагошки, филозофски и социолошки теории. Истовремено, треба да се констатира дека многубројните истражувања во областа на социјалната работа придонесуваат за посебен, специфичен развој на таа дисциплина (Sesic, 1988, 291, според: Доневска, 1998)

Од сето погоре наведено, произлегува дека е многу тешко да се одреди точниот предмет на науката за социјалната работа, бидејќи областа е премногу широка, но може да се каже дека човековото социјално функционирање и неговата добробит се во основата на предметот на нејзиното функционирање. Според Неделковиќ предмет на проучување на социјална работа е „човек на дело“, односно „истражувања на законитостите за настанување и развој на најразличните облици на човечност на дело, за време на целата човекова историја“ (Недељковиќ, 1982, с.23-24). Оваа дефиниција го зема тоталитетот на социјалната работа, особено од нејзиниот практичен и методолошки дел како практика неманета за покажување на човечноста на дело, т.е. практичен приказ на една структурирана човекова хумана дејност која дава некаков резултат. Според Роснер (L. Rossner) науката за социјална работа претставува конгломерат на научни проблеми кои се

однесуваат на социјализацијата заедно со поткатегорите: социјално однесување и облици на социјализацијата, и диссоцијализација. (Martinović, 1987, стр. 5) Оваа дефиниција, според Доневска е поблиску до социјалните теоретски концепции и става нагласок на социјализациските димензии. Она штое добро да се птоенцира е дека всушност социјалмната работа се занимава повеќе со последиците на неправилната социјализација, т.е. диссоцијализациските тенденции на општеството кои создаваат дисконтинуитет на социјализацискиот процес особено за категориите поединци кои се во некаква форма на социјален ризик. Повеќето автори сметаат дека она што е карактеристика на теоријата и предметот на социјалната работа е дека таа ги проучува индивидуалните аспекти на социјализацијата а не толку општите димензии на социјалните проблеми. Социјалниот теоретичар Халми предметот на науката на социјалната работа го определува на следниот начин: „животна ситуација на човекот во интеракција со микро и макро социјалната средина и нејзиното влијание врз неговиот живот и задоволување на животните потреби на поединецот, неговото семејство и општествените групи во контекст на заедницата и нејзиниот вредносен систем „ (Halmi, 1995, стр. 40, според: Доневска, 1998, стр. 432) Оваа дефиниција можеби се доближува до покомплетен преглед на вистинскиот предмет на изучување бидејќи го опфаќа поединецот но не како апстрахиран индивидуален аспект на целовитото туку како интегрален дел на поголемите социјални заедници какво што е општеството со сите свои микро и макро средини (семејството, социјалните групи итн.) а од аспект на вредносниот систем на општеството, бидејќи човековата социјална димензија се губи доколку тој не е согледан како дел од поголемиот систем кој го опкружува и од кој самиот е нераскинлив дел.

Главната цел на социјалната работа е всушност обезбедување на нормално, пристојно човеково постоење и егзистирање во нормални и оптимални услови за живеење. Таа цел се постигнува преку водење социјална политика, која вклучува создавање на систем на општествени односи врз основа на регулатива и оптимизирање на објективно постоечките интереси на разни социјални групи во општеството со зголемената ефикасност на производството. Тоа значи дека системот на социјалната политика кој е инкорпориран во

соодветните институции овозможува спроведување на практиките кои се законски уредени за подобрување на социјалното функционирање на секој поединец во општеството. Притоа, целите се одредуваат со низа задачи кои потоа преку соодветни практични и структурирани активности утврдени со протоколи, стратегии и практики се инструментализираат и претвораат во активности со реални резултати. Некои од главните задачи на социјалната работа вклучуваат: Дијагноза на социјални и лични проблеми, ситуации; Социјална профилакса, т.е. имплементација на систем на мерки за спречување на појава на кризни ситуации за личноста, и за групи на луѓе; Социјална адаптација, т.е. процес на прилагодување на поединецот во променливите услови во социјалната средина, т.е. на условите за живот; социјална рехабилитација, односно систем на мерки за обновување или компензација за нарушените карактеристики на интеракцијата на поединецот со околната социјална средина; Социјална терапија (корекција); обезбедување соодветни социјални услуги (згрижување, паричен надомест и други видови помош); Социјален дизајн (обезбедување на средина која е оптимална за функционирање на соодветното лице или популација под социјален ризик; социјален надзор; Социјална старателство, т.е. грижа, покровителство кон никого; социјално менторство; Социјални иновации е имплементација на социјални проекти. Како што гледаме задачите и активностите кои тие ги поставуваат пред себеси за остварување се многубројни и секогаш се на линија на некаков вид на помош за најзагрозените. Кога се децата во прашање, секогаш најважниот акцент е на обезбедување на оптимални услови кои ќе вклучуваат социјална праведност, недискриминација и соодветна грижа. Осетливоста на детската заштита во системот на социјалната работа и политика е една од најзначајните карактеристики поради што и во овој истражувачки труд и се посветува огромно внимание. Целта на трудот е да ја покаже застапеноста на психолошките варијабли во законот за заштита на децата во нашата земја а со тоа да се добие реалистичен показател колку всушност се дава значење на психолошките фактори во детската заштита. Колку повеќе психолошкото е застапено во законот тоа значи дека толку им повеќе се обрнува внимание на проблематиката на психолошкото во заштитата на

децата а со тоа ќе се подигне и свеста за важноста на истото и неопходноста од поголема застапеност на овој сегмент во законот.

I.5. Групи теории во социјалната работа и нивната значајност за социјалната заштита

Како што беше нагласено уште во воведот а и во делови од другите глави на трудот, теоријата на социјалната работа е комплексно и системско прашање, токму заради фактот дека полето и предметот на научен интерес на социјалната работа и социјалната политика е премногу широко и разнородно. Имено, според многу познати теоретичари, основно е да се заклучи дека основните научни сознанија во изградбата на теоријата на социјалната работа доаѓаат од психологијата и социологијата и сите групи теории се во својата основа, помалку или повеќе деривати од овие основни почетоци, се разбира, низ годините надоградувани и со оригинални или интегрални концепти од самата социјална работа. Денес се верува дека постојат најмалку три групи теории на социјалната работа:

1. **Психо-ориентирани теории на социјалната работа**
2. **Теории на социјалната работа ориентирани на социологија и**
3. **Психолошко-социолошки (социо-психолошки), т.е. интердисциплинарни теории** (според: https://planerny-ndv.ru/bs/the-transport-tax/teoreticheskie-osnovy-socialnoi-raboty-teoreticheskie-osnovy-socialnoi.html)

Психо-ориентираните теории на социјалната работа воглавно почиваат на ортодоксната психоанализа на Фројд, но во својата методолошка основа може да се подведат под поимот психосоцијална интервенција или психосоцијална теорија. Во својата суштина, овие теории се сведуваат на неколку методолошки постулати од аспект на социјалната работа: а)социјалниот работник во односот со клиентот е свесен дека клиентот има определена психолошка структура но и волја и способност да ја менува, да

ја развива под дејство, како на внатрешните личносни фактори, така и под дејство на околината; б) да се земе предвид препознавањето на фундаментално-важните улоги на проучување и земање во обзир на динамиките на односите на клиентот во групата, во неговото опкружување; в) земање во обзир да се пружи помош на поединците на кои тоа им е потребно; д) во оквирот на постапувањето според психодинамскиот модел не се зема само статус-кво анализата на клиентот, туку и употреба на искуствата од анализите на еволуцијата на односите меѓу клиентот и социјалниот работник како и природата на односите на клиентот во специфичното негово опкружување; ѓ) психодинамскиот теоретски модел на социјалната работа претпоставува можност за промена, подобрување на однесувањето, менување на ставовите, перцепцијата на стварноста и природата на односите во контакт групите (според: : https://planerny-ndv.ru/bs/the-transport-tax/teoreticheskie-osnovy-socialnoi-raboty-teoreticheskie-osnovy-socialnoi.html) Куса анализа на ова место ќе ни обелодени една круцијална разлика меѓу психодинамскиот модел во психологијата и во социјалната работа. Имено, со анализа на овие начела наведени во литературата, може да се забележи дека специфичноста на психодинамскиот приод во социјалната работа е повеќе историско-културолошпки, социо-економски и севкупно социјално повеќе проширен за разлика од монолитниот индивидуализирано насочен психодинамски модел во психолошката наука и практика, а тоа е поради фактот дека социјалната работа и посихосоцијалната интервенција се однесува на севкупноста на човековиот живот во реалниот свет на комплексности.

Егзистенцијалистичките и хуманистичките теории во социјалната заштита се исто така од редот на психо-ориентираните теории и кај нив нагласокот е да се посвети внимание на неколку основни вредности и феномени во животот на човекот а се со цел да му се помогне да живее задоволителен живот. Најчесто во овие теории се разгледуваат: 1) правилата, нормите и улогите во односот – субјект-објект-субјект; 2) пошироките системи во чиј контекст постои подсистемот – субјект-објект-субјект и кои имаат некакво влијание врз клиентот; 3) системот на вредности во кои верува клиентот; 4) како клиентот се носи со стравот и несигурноста; 5) комуникацијата помеѓу сите сродни аспекти на решението на проблемот. Значи, системскиот приод е главен во егзистенцијалистичко-

хуманистичките концепции, т.е. решението на клиентовите проблеми се гледа од една поширока системска перспектива без да се апстрахира самиот поединец ос социјалната и културната средина во која егзистира. Во суштината на овие теории е верувањето дека повеќето емоционални проблеми на клиентот произлегуваат од четирите извори на оттуѓување: 1) кога луѓето кои во очите на клиентот се значајни не го гледаат клиентот како значаен; 2) недоследноста или измамата во решавањето на проблемите на вредносните конфликти; 3) разочарување, хаос или губиток на личните вредности и 4) губиток на сакани луѓе (смрт, физичка одделеност, напуштање, измама и др.) Сиве овие вредности се однесуваат на системот на вредности и емоционално-блиските релации. Од аспект на детскиот развој а што е важно за овој труд и секако од аспект на заштита на децата, секако е важно да се има предвид овој егзистенцијалистичко-хуманистички аспект, со цел да му се помогне на детето да стекнува навики и можности за добивање на задоволство од животот а тоа пред се, се овозможува со добри закони за детска заштита и секако со тоа и добра практика во социјалната работа со нив. Бидејќи во социјалната заштита пред се се ctsава акцент на деца кои имаат некакви социјални и семејни проблеми, од особена важност е да се имаат овие теоретски увиди во предвид. Во овој труд, во истражувачкиот дел токму една од категориите чија присутност се мери е егзистенцијалистичката категорија.

Од аспект на практичната тераписка работа со примена на егзистенцијалистичко-хуманистичкиот приод најважно е да се запазат следните три правила на терапијата: 1) став спрема промената на клиентовото искуство, т.е. неговата активност; 2) фокусирање на разбирање на личноста на клиентот и 3) личната вклученост на социјалниот работник во внатрешниот свет на клиентовите вредности, емоции и односи (според: Yunsson, 2002)

Како додаток на овој дел, може да се истакне и главната хуманистичка парадигма која верува во внатрешните потенцијали на клиентот за само-промена, т.е. верувањето во неговите личникадарности и потенцијали за раст, развој и промена.

Теориите ориентирани на социологија најчесто се поделени во две категории: а) оние кои се формирани на основа на теоријата за општествениот систем и Б) оние кои се

ослонуваат на радикалните пристапи на Карл Маркс (според: Yunsson, 2002) Системските теории се во коренот на општата теорија на општествените системи на Берталанфи во чија изворна теорија концепциите се базирани врз биолошкиот, наследен материјал и во тие концепции е покажано дека сите организми се составени од подсистеми а целиот систем е дел од супер-систем. Во таа теорија особата е претставена како дел од општеството но која во себеси се сотои од циркулирачки системи какви што се: циркулација на крвта, размената на материи, ќелиите кои се составени од атоми и сл. Преку проста аналогија оваа теорија се користи за анализа на општествените системи, вклучувајќи социјални групи и социјални институции, семејството, малите заедници и колективите. Денес, традиционално се разликуваат два облици на теориите на системи во социјалната работа: 1) општа теорија на системи (погоре опишана) и 2) развој и употреба на теоријата на еколошките системи чиј клучен концепт постанала категоријата – животни модели (според: Yunsson, 2002) Ако се погледнат вака накусо презентираните општи концепции ан овој вид теории ориентирани на социологија, се забележува повторно системско-динамскиот приод, т.е. согледувањето на клиентот, поединецот како дел од поширок систем, што значи, човекот не се апстрахира од својата општествена реалност, ниту пак од својата биолошка заснованост, туку се разгледува во контекст на меѓуиграта на сиве овие системи и нивните взаемни влијанија. Интересна и генијална е аналогијата на организмот како симбол за општествената уреденост на подсистеми и меѓузависни делови, од најкрупните па се до најситните.

Порадикален аспект на теориите ориентирани на социологија зафаќаат марксистичките концепции кои идентификувале три позиции во врска со социјалната работа а со тоа и социјалната заштита: 1) прогресивната позиција според која социјалната работа се претставува како позитивен фактор на промена бидејќи го поврзува буржоаското општество со неговото искористување на работниците и социјалните групи во потреба. Во тој контекст, социјалниот работник е окарактеризиран како важна сила која придонесува за колективните дејства, подигнување на самосвеста на поединците и носи промена и 2) репродуктивната положба ги претставува социјалните работници како агенти, вработени

кои вршат класна контрола а што, од друга страна пак, во експлоататорските општества го зајакнува угнетувањето на работничката класа и 3) контрадикторната позиција ја карактеризира социјалната работа од една страна, како корисен феномен на општествениот живот на работните луѓе што им овозможува помош на оние на кои им е потребна и злабеење на капиталистичкото општество а од друга страна пак, социјалните работници кои ја ублажуваат социјалната напнатост на парадоксален начин, го зајакнуваат капиталистичкото општество, стабилизирајќи го (според: Yunsson, 2002) Кусата анализа на марксистичките концепции наведува на заклучокот за двојствената природа на корисноста од социјалната работа и социјалната заштита, што значи дека треба да се биде внимателен околу двостраноста на процесот на социјално помагање. Впрочем, парадоксот е во фактот дека социјалната помош колку е корист толку е и проблем за угнетените, токму заради фактот дека преку балансирањето, медијацијата и смирувањето на социјалната напнатост и класните разлики, ја неутрализира истата корист, т.е. фактот дека има кој да се грижи за работничката класа под капата на капиталистичкото општество воедно станува и контролирачки феномен на општеството кое всушност има корист од таквата привидна дозвола да имс е помага токму на оние кои се угнетени од истото тоа општество.

Интердисциплинарните теориски приоди најчесто се сведуваат на т.н. когнитивни теории кои се комбинација од психосоцијални, социолошки, бихејвиорални и социјални елементи во решавањето на социјалните проблеми. Имено, бивајќи свесни за човековата способност за рационално мислење во однос на неговата заштита на колективните и индивидуалните интереси, когнитивните приоди го ориентираат клиентот на само да се променат себеси и да се прилагодат, туку и да го променат и оптимизираат социјалното опкружување на нивните потреби. Овие приоди се фокусирани на рационалните аспекти на човековото однесување и уредување на својата околина а со тоа овозможуваат еден горе-дли сеопфатен придо кон социјалната работа (според: Yunsson, 2002) Значи, овие когнитивистички модели се како психосоцијално ориентирани, така и социо-педагошки, т.е. преку сеопфатноста овозможуваат покомплексен приод на ионака комплексните социјални проблеми. Од аспект на детската заштита, овие модели придонесуваат кон

доверба во разумните политики за доброто на детето а со тоа овозможуваат третман на детските социјални и психолоки проблеми на еден сеопфатен и разумен начин. Таквите приоди го зголемуваат учеството на психолошките интервенции и практики во социјалната заштита на децата, а што е од најголема важност за овој труд чија цел е да покаже колкаво е учеството на психолопките појави во законот за социјална заштита на децата во нашата земја.

Покрај овие големи категории теории на социјалната работа и социјалната заштита, ќе прикажеме уште неколку индивидуални теоретски концепции кои ги сметаме за релевантни за темата.

Теоријата на Роснер ја сфаќа науката за социјалната работа како субнаука на социологијата но и ја врзува со социјалната педагогија, т.е. ја сместува во редот на воспитно-развојните науки. Тој смета дека во социјалната работа не постои заснована теорија туку дека таа е збир на методи и методики, т.е. дека постои т.н. методолошки редукционизам. Тој ги нагласува денес трите познати и признати три методи во социјалната работа: социјална работа со поединец, работа со група и социјална работа со заедницата. Роснер како основна категорија на социјализациско-научните проблеми го претставува социјалното однесување со сите облици на социјализирано и несоцијализирано однесување кои се артикулираат и формираат по пат на процесот на социјализацијата (WWW.STUDOMAT.BA) Од неговата теорија можеме да заклучиме, како што и се очекува, дека таа претежно акцентот го става на социјализациските и социолошките компоненти на сметка на психолошките, без разлика што во двата од трите признати методи (работа со поединец и работа со група) психолошките аспекти се мошне силно застапени. Тоа само ја зацврстува нашата перцепција дека во социјалната работа неопходно е присуството на повеќе свесност и доминација на психолошките варијабли со цел таа теоретска позадина да придонесе кон зголемување на присутвото на психолошкото во сите социјални политики а со тоа и во сите социјални практики. Ова е особено значајно уште во развојниот период, значи кај децата, како што и Роснер истакнува дека во основата социјалната работа и нејзината теорија спаѓаат во широкото

научно поле на образовните и воспитните науки, пред се во социјалмната педагогија. Меѓутоа, секогаш треба да се има предвид дека развојните политики мора во својата суштина да ги вкомпонираат и развојните психолошки елементи како едни од најзначајните, пред се елементите и аспектите на развојната психологија. ***Теоријата на Пинкер*** истакнува дека стручната социјална работа е редуцирана на сферата на социјалната администрација а нејзината научна основа лежи во политологијата (WWW.STUDOMAT.BA) Овие во основа притички теоретски концепции на Пинкер укажуваат на неодвоивоста на социјалната работа во нејзината практична основа од социјалните политики кои се базата за таквата практика. Тоа значи дека во основа, доколку социјалната администрација не се базира на закони за социјална политика и социјална заштита кои се втемелени во практиката и не произлегуваат од практичните потреби на социјално загрозените, тогаш таа база е криво поставена. Тоа е и една од главните, темелните препораки на нашите хипотези, т.е. дека законот за детска заштита треба да се унапреди со поголемо присуство на психолошките аспекти на детскиот развој и заштита а за тоа се потребни посеопфатни законски решенија и секако, подобро втемелена социјална политика во нашата држава се со цел оптото добро на детето и неговат сеопфатна заштита.

Кендал предупредува дека во модерните концепции во едукацијата на социјалните работници како релевантни подрачја треба да постојат, покрај студијата на поединецот и на општеството, теоријата на социјалната работа и методологијата на истражувањата во социјалната работа. Оваа негова констатација ја истакнува важноста на добрата врска меѓу методологијата и теоријата, т.е. упатува на потребата социјалната работа да биде посилно втемелена во научните теоретски согледувања, но само на оние кои исклучиво ќе доаѓаат од строго научни методолошки постапки и истражувања.

Кен и Барлет зборуваат за концепциите за генеричкото и специфичното во праксата и едукацијата во социјалната работа, при што терминот/поимот генеричко го покрива полето на теоријата на социјалната работа додека пак терминот/поимот специфично го покрива полето на практичната примена на подрачјето на социјалната работа во праксата

и едукацијата на социјалната работа (WWW.STUDOMAT.BA) На ова место повторно се наметнува потребата да ја потенцираме важноста на психолошкиот аспект на едукацијата на социјалните работници во работата со корисниците а со цел посеопфатна социјална помош.

Граѓанската теорија на потребите и нејзината типологија на Лакичевиќ во основа ги наведува придонесот на малиновски, Маслов, Олпорт и Шумбер. Во основа, Олпорт и Маслов се пред се, хуманистички психолошки теоретичари а Олпорт е докажан на полето на теоретизирањето во психологијата, особено со неговата теорија за личноста.. Малиновски според Лакичевиќ, тврди дека културата е усогласена со човековата природа и дека општествените институции служат за задоволување на потребите на одредени членови на општеството. Тој ги дели човековите потреби на биолошки (метаболизам, репродукција, сигурност, движење, раст, развој, здравје и др.) и на психолошки. Но, и тој како и Маслов вели дека покрај вродените постојат и стекнати потреби (економско и политичко уредување, развој, воспитување, образование. Наведува уште и други два типа на потреби: примарни и стекнати (WWW.STUDOMAT.BA) Едноставниот преглед на неговите концепции наведува кон нашите заклучоци за важноста на психолошките потреби во севкупната заштита на децата а не само нејзините социјални и општествени елементи. Токму теориските концепции на Лакичевиќ (а изведени од овие антрополошки увиди на Малиновски) претставуваат своевидно придвижување и проширување на дотогаш тесните социолошки теории на социјалната работа кон повеќе мултидимензионални и психологизирани концепции. Оваа концепција покажува свесност за значајноста на психолошкото во социјалната работа и социјалната заштита. За придонесот на Маслов не е ниту потребно на ова место посебно да се навраќаме, освен само да потенцираме дека тој задоволувањето на човековите потреби а со тоа и развојот на човекот го гледа низ призмата на хиерархијата на мотивите, при што, највисоко секако стојат пред се, психолошките и индивидуалните длабоки потреби за самоактуализација и себепотврдување. Шумбер пак, разликува потреби на облигација, т.е. неоходни потреби кои се од егзистенцијална природа и се всушност материјална основа на живеењето и потреби на аспирација кои бараат самоостварување на човековиоте аспирации и повисок

животен стандард. Веднаш забележуваме дека и тоје на линија на свесност за психолошките потреби, кои спаѓаат во редот на аспиративните потреби, т.е. на потреби кои го носат квалитетот на животот на едно повисоко ниво. Од аспект на социјалната заштита, особен о заштитата на децата секако е значајно да се истакне дека задоволувањето на основните облигациони потреби ни оддалеку не е доволно за целосна социјална заштита и просперитетен и квалитетен живот. Токму во овој труд, во ова истражување нашата претпоставка е дека егзистенцијалните, т.е. нижите, облигационите потреби се поставени на позначајно и поистакнато место во законот за социјална заштита на децата. Се разбира, далеку од умот е дека доколку детето ги нема задоволено основните материјални и егзистенцијални потреби на живеењето не би можело да ги задоволува ниту повисоките потреби. Но, од друга страна пак, не е доволно да се истакнуваат само основните потреби, бидејќи егзистенцијалистичко и хуманистичко право на секој човек е да живее квалитетно на сите полиња од егзистенцијата. Олпорт пак, од друга страна ги типлогизира потребите на примарни (егзистенцијални кои претставуваат материјални услови за живот) и секундарни (врзани за културното креирање и развој), што само ја потврдува потребата од севкупност и сеопфатност на заштитата на децата со цел задоволување на минимумот за преживување и егзистирање но и постигнување оптимални услови за задоволување и на врвното во човекот – неговото социјално и културно творење и развој.

Теоријата на Ерих Фром од аспект на потребите и социјалната заштита истакнува пет видови потреби: 1) потреба за припаѓање; 2) потреба за надминување; 3) потреб за вкоренетост; 4) потреба за чувство за идентитет и 5) потреба за ориентационен оквир и верување. Теоријата на Ерих Форм е психолошка теорија за човековите потреби и развојот на личноста која директно ги нагласува предоминантните човекови лични, психолошки потреба а со тоа и неговите социјални потреби без кои се губи смислата на индивидуалната егзистенција надвор од опкружувањето. Се разбира дека социјалната заштита треба да овозможува широка и детална социјално-политичка рамка за задоволување на сиве овие потреби низ еден методолошки оквир втемелен во

законските одредби кои би се грижеле за толку широкиот дијапазон на потребите на современиот човек.

Малколм Пејн кој важи за еден од најзначајните теоретичари во социјалната работа, теориите во социјалната работа ги нарекува *практични теории на социјалната работа.* Тој истакнува дека во сите различни приоди се препознаваат идеи, ставови и концепции на теориите на конфликти, радикалните теории на социјалната работа, феминистичките, хуманистичките приоди и многу други модели и погледи. Одредени појави се набљудуваат од стојалиштето на теоријата на моќта, затоа што постојат различни видови на дискриминација и потчинување кои потекнуваат од нееднаквостите во располагањето и користењето на општествената моќ (Milenkovic, 2010, стр. 15, 16) Ваквите разгледувања во теоријата на социјалната работа од Пејн наведуваат на зголемување на свесноста во социјалната работа и теорија за современите културно-општествени текови и современите проблеми кои во поранешните теориски концепции не биле доволно разгледувани. Имено, во последно време научната област се сензитизира се повеќе за некои прашања кои произлегуваат од недоволно правилната распределба на моќта со оглед на центрите на моќ и со тоа појавата на дискриминација на расна, сексуална, возрасна и социо-економска основа. Секако дека децата како една од најранливите категории поединци секогаш е на најниското скалило на моќта и нејзината употреба. Тие се зависни од возрасните и секако од нивното користење на моќта. Социјалната заштита токму преку институциите треба да овозможи сеопфатна помош на децата во заштита од секаков вид на дискриминација и секој вид на насилство или нанесување повреда.

I.6. Социјалната заштита и основни права од социјалната заштита

Денес, во современата литература, под поимот социјална заштита се подразбира – помош на сиромашните, заштита на ранливите категории луше од сите видови животни ризици и подобрување на социјалниот статус и правата на маргинализираните со цел редуцирање на економската и социјалната ранливост на сиромашните, ранливите и

маргинализираните групи (Devereux & Sabates-Wheeler, 2004) Оваа широко прифатена и сеопфатна дефиниција го објаснува базичниот концепт на социјалната заштита а тоа е економско и социјално оснажување на најранливите категории луѓе и обезбедување на основни средства, права и услови за достоинствен и задоволителен живот, т.е. живот на еднаквост и еднакви права за достапност на сите социјални услуги и потреби.

Социјалната заштита може да биде:

А) Вонинституционална и

Б) Институционална

Вонинституционалната социјална заштита која може да се остварува во или надвор од центрите за социјална работа ги опфаќа следните права од социјалната заштита: прва социјална услуга на корисници на социјална заштита, помош на поединец, домашна нега и помош на поединец и на семејството, помош на семејство, сместување во мал групен дом и организирано живеење со поддршка, сместување во згрижувачко семејство, дневно и привремено прифаќање и згрижување како помош на поединец и семејство. Сиве овие права само имплицитно ја подразбираат и заштитата на менталното здравје како аспект од основните права овде наведени, но не и како засебни специфично наведени аспекти на социјалната заштита.

Институционалната заштита опфаќа право на: оспособување за работно-производна активност и право на сместување во установа за социјална заштита. Правото на оспособување за работно-производна активност се оденсува само на возрасни лица и затоа не е од интерес за ова истражување. Но, кога станува збор за правото на сместување во установа за социјална заштита, секако децата се од посебен интерес. Имено, право на сместување во установа за социјална заштита се обезбедува на:

-лице кое нема соодветни услови за живеење со своето семејство или нема семејство или од други причини потребно му е да биде сместен таму

-дете без родители и дете без родителска грижа до оспособување за самостоен живот и работа но не подоцна до завршување на средното образование

- дете со воспитно-социјални проблеми, занемарено, запоставено, злоставувано, необзебедено дете и дете жртва на семејно насилство

-дете со нарушено поведение

-бремена жена еден месец пред породување и самохран родител со дете до тримесечна возраст

- лице со умерени и тешки телесни и ментални попреченост и лице со трајни попреченост на кое му е потребно трајна грижа и нега

- стари лица, восрасни лица со телесна попреленост и лице со пречки во менталниот развој кое не е во состојба само да се грижи за себе, а поради смејната положба нема можност да му се обезбеди помош на друг начин.

- лице барател на право на азил.

Ако ја погледнеме листата со лица кои остваруваат вакво право, веднаш е заблежливо дека тука најзастапени се децата кои се со различен степен на социјална ранливост и социјален ризик, што укажува на важноста на нивната правилна заштита. Во склоп на тие социјални проблематики секако еден од најузначајните аспекти е заштитата на менталното здравје и развој на децата без разлика дали се работи за дете од дисфункционално семејство, дете со воспитно-социјални проблемио, дете-жртва на семејно насилство, занемарување и/или злоставување, затоа што во сите овие категории последиците по психолошкото здравје се огромни а секако и по емоционалното здравје на децата. Од тие причини, овој труд има за цел да ја зголеми видливоста за значајноста на присуството на психолошките аспекти во законот за социјална зашти а особено во законот за заштита на децата во нашата држава.

1. ***Социјална помош*** - трансфери без придонес во пари, ваучери или во натура (вклучително и училишно хранење) за поединци или домаќинства кои имаат

потреба; јавни програми за работа; откажувања од надоместоци (за основно здравје и услуги за образование); и субвенции (на пример, за храна, гориво).

2. ***Социјално осигурување*** - 'придонеси за компензаторна поддршка во случај на непредвидени ситуации како што се болест, повреда, попреченост, смрт на сопружник или родител, мајчинство / татковство, невработеност, старост, и штети што влијаат врз добиток / земјоделски култури
3. ***Услуги за социјална грижа*** - за оние кои се соочуваат со социјални ризици како што се насилство, злоупотреба, експлоатација, дискриминација и социјално исклучување
4. ***Програми за пазарот на трудот*** – активни програми (промовирање учество на пазарот на трудот) или пасивни програми како што е обезбедување минимални стандарди за вработување (White, 2016; според: Carter, Roelen, Enfield, William Avis, 2019, стр. 13)

Анализата на видовите социјална заштита упатува на базичните неопходности пред се, од обезбедување на егзистенцијални средства и право на работа и заработка а секако и правото на домување и обезбедување на семејна средина. Најважен аспект во видовите на социјална помош се всушност, услугите за социјална грижа, во кои директно или индиректно се содржани аспектите на грижа за менталното здравје и психолошкиот развој на ранливите категории граѓани, т.е. тие кои се жртви на насилство, експлоатација, дискриминација, социјална исклученост, злоупотреба, занемарување итн. Особено во тие категории се присутни децата како физички, економски и социјално најслабите поединци кои се зависни по сите повие основи. Оттаму, значајноста на заштитата на психолошкото кај децата е повеќе од голема и изразена.

I.7. Важноста на социјалната заштита за психолошкиот развој на децата

Заштитата на децата претставува една од основите на секое хумано и праведно општество и без грижа за децата оневозможена е секаква идна форма на здрав развој во едно општество. Бидејќи децата се нашата иднина во секоја смисла на зборот, од есенцијално значење е да се истакне важноста на нивната заштита од секаков вид на оневозможеност и повреда. Особено е значајно што нашата земја како аспирант за високите европски хуманистички и демократски вредности, настојува со своите закони да придонесе за поправедно и поеднакво општество за сите а со самото тоа, заштитата на децата е на едно од првите места во социјалната политика со што би се доближиле до тие вредности. Во склоп на севкупната заштита на децата особено кесто зазема заштитата на нивната психичка добросостојба и нивното ментално здравје како интегрален дел од целовитиот спектар на елементи кои го овозможуваат квалитетниот живот на оваа најранлива и најмлада категорија во оштеството.

Во законот за детска заштита на република Северна Македонија, во членот 2, став 1 стои дефиницијата дека – "Заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика" (Законот за заштита на децата („Сл.весник на Република Македонија" бр.23/13,член 2, став 1, стр. 1) Како што гледаме во оваа дефиниција се опфаќа интегралната грижа за заштита на децата како на државно така ина локално ниво а при што секако се мисли и на обезбедување на правата и на семејството и родителите/старателите со што би се овозможиле сите права неопходни за развој и квалитетен живот на децата.

Во ставот два од вториот член стои дека – "Заштитата на децата се остварува со обезбедување на услови и ниво на животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата "(Закон за заштита на децата („Сл.весник на Република Македонија" бр.23/13,член 2, став 2, стр. 1)

За ова истражување и овој труд од особена важност е определбата токму во овој втор став, при што се истакнува дека дел од севкупната заштита на децата покрај физичкиот, моралниот и социјалниот развој, се споменува и емоционалниот и менталниот развој на децата. Тоа значи дека есенцијален дел од севкупните услови за квалитетен живот и развој на децата е токму психолошко-емоционалниот аспект, т.е. когнитивниот и емоционалниот развој и добро состојба. Оваа определба е истражувана од аспект на застапеноста на тие елементи, т.е. психолошките елементи во законто за да се види дали статистички тие навистина се застапени подеднакво или барем приближно со економскиот, социјалниот, моралниот, егзистенцијалниот и педагошкиот аспект во законто за заштита на децата. Од нашите анализи произлезе дека и во самите документи за заштита на децата (особено во законите за заштита на децата) психолошкиот аспект не е доволно застапен а целта ни е да го потенцираме тој увид и тој научен заклучок со цел таквата пракса да се промениво иднина, т.е. да се зголеми присуството на психолошкото во законот за заштита на децата. Со истражувањето кое ќе биде презентирано во методолошкиот дел од трудов ќе се види дали хипотезите ќе се потврдат или отфрлат. Секако е значајно што во нашиот закон постои нагласено место на менталното и емоционалното во развојот на децата и што тие аспекти како интегрални елементи на психолошкото се присутни во законот за заштита на децата.

Во законот за детска заштита на Република Северна Македонија, член четири, се тргнува од почитување на следните принципи: принципите на заштитата на правото на живот и развој на детето, заштитата на најдобриот интерес на детето, обезбедување на минимум стандард за секое дете под еднакви услови, исклучување на каква било форма на дискриминација, почитување на правото на детето на слобода и безбедност на личноста, на сопствено мислење и слободно изразување, здружување и образование, услови за здрав живот и остварување на други социјални права и слободи на детето (Закон за заштита на децата (Закон за заштита на децата (консолидиран текст), „Сл.весник на Република Македонија“ бр.23/13, член 4, стр. 1) Сиве овие принципи се во склад со декларациите на Обединетите Нации и УНИЦЕФ како посебна агенција при обединетите

нации за грижа за децата, при што се истакнуваат еднаквите права на детето за здрав и задоволителен живот и поседување на неопходните услови за развој на истиот.

Права за заштита на децата, во смисла на овој закон за детска заштита, се:

1) детски додаток;

2) посебен додаток;

3) еднократна парична помош за новороденче;

4) родителски додаток за дете и

5) партиципација (закон за заштита на децата (консолидиран текст), „Сл.весник на Република Македонија“ бр.23/13, член 6, став 1, стр. 2)

На ова место само ги прикажуваме основните права изнесени во законот, но тие не се од есенцијална важност за овој труд. Важно е да се истакне дека економските предузлови во законот и нивното почитување се секако една егзистенцијална неопходност со цел постигнување на сите други права, бидејќи без нивното задоволување невозможно е да се создадат основни предуслови за секоја друга фрома на заштита на децата.

Социјалната заштита на децата е повеќе од неопходна, особено заради, како што истакнуваат УНИЦЕФ и светската банка, тие се поранливи и поизложени на недоволна исхрана, болести и злоставување од возрасните и се најзастапени меѓу сиромашните (UNICEF & World Bank, 2016). Според Ролен и Сабатес-Вилер, трите главни елементи на детската ранливост се: 1) биолошките и физичките/телесните потреби; 2) стратешките потреби (ограниченото ниво на детската автономија и зависноста од возрасните) и 3) невидливоста за државните институции и недостатокот на свест во агендите за социјална политика (Roelen & Sabates-Wheeler, 2012) Покрај доволно образложените потреби кои се есенцијални од првата категорија (биолошко-телесните потреби), секако дека во стратешките потреби се крие важноста на менталното здравје и можноста за независен развој кај децата, бидејќи тие долго во животот (особено децата од ранливите категории) се зависни речиси севкупно од возрасните и од институциите. Точно во третиот елемент

(недостатокот на соодветни политики и детската невидливост за институциите, вткаени се базичните појдовни точки за вистинска социјална и секаква друга детска заштита. Токму нашето истражување е во прилог на придонесот за подобрување на политиките кои би придонеле институциите поадекватно да ги препознаваат детските потреби и да ги постават на повидливо место а се со цел и нивно задоволување.

Фрапантни се податоците кои ги истакнува УНИЦЕФ, дека огромен дел од детската популација сеуште нема ефективна социјална заштита, со само 35% на глобално ниво деца кои примаат социјална помош и поддршка (ILO–UNICEF, 2019: 2). Секако, истакнуваат авторитетите, постојат големи регионални разлики. На пр. 87% од децата во Европа и централна Азија и 66% во Американскиот континент примаат бенефити од социјалната заштита, додека пак, само 28% деца од Азија и Пацификот и само сиромашни 16% од афричките децата ја примаат истата. Позитивен тренд исто така постои, според нив на глобално ниво, па така на пример, има зголемување на паричната помош кај децата од земји какви што се Аргентина и Бразил (ILO–UNICEF, 2019: 2) Овие бројки директно покажуваат колку се разликува таа слика за социјалната заштита на децата на светско ниво а што уште повеќе ја зацврстува потребата од адекватни закони за детска заштита и тоа со акцент не само на задоволување на основните егзистенцијални и биолошки потреби, туку и повисоките форми на психо-социјалните и педагошките потреби за социо-културен и емоционален развој и можност за идно професионално напредување кога овие деца ќе станат возрасни лица. Нашата земја направи некои исчекори со зголемување на детските додатоци и социјалната помош за семејствата во ризик, но, акцентот сеуште е далеку од тоа да биде ставен на овие набројани социо-психолошки и емоционални потреби.

Токму затоа, како што истакнуваат од УНИЦЕФ, целта на социјалната заштита насочена кон децата е да им помогне во задоволувањето на базичните потреби, да го зголеми нивниот човечки капитал и потенцијал, да ги надмине бариерите поради кои децата немаат пристап до услугите на институциите и да ги зајакне капацитетите на семејствата за грижа за децата (UNICEF, 2019a). Ваквите цели се насочени кон интегрално дејствување во

обезбедувањето на адекватна, сеопфатна и мултидимензионална детска заштита, бидејќи со незадоволувањето на било кој од трите елементи на детската заштита се оневозможува обезбедување на секоја од другите категории потреби. Се разбира, без адекватно домување, задоволително ниво на квалитет и квантитет на храна и хигиенски потреби не е возможно да се задоволуваат ниту специфичните социо-педагошки и емоционални потреби за развој на децата. Секогаш е значајно да се истакне важноста на поткрепата на семејствата и заедниците за грижа за децата бидејќи на тој начин се зафаќа проблемот во својот корен од каде што и потекнал, т.е. со оснажување на семејствата (родители, старатели, згрижувачки семејства и др.) се зајакнуваат базичните инстанци на општествената структура од кои ќе потекне потоа и посеопфатен систем на заштита. Уште еднаш на ова место ќе истакнеме дека системскиот приод е најзначаен во обезбедувањето на квалитетна заштита на децата.

I.8. Психолошкото и неговото присуство во законите за социјална заштита на децата

Законот за социјална заштита пред се, како што беше наведено многупати низ теоретскиот дел на текстот, се грижи за обезбедување на основните материјални и нематеријални средства и услови за достоинствен живот на секој поединец. Притоа, акцентот секогаш е повеќе ставан на социјалните и егзистенцијалните аспекти на заштитата, бидејќи тие се основата на секаква друга заштита, особено од аспект на менталното здравје на популацијата. Детската заштита како дел од севкупната социјална заштита а водена од најдобрите принципи за заштита на правата на децата, секако е интегрален но и засебен дел од законите за социјална заштита. Од разгледаната литература за присуството на психолошкото во законите за детска заштита општиот заклучок е дека доминираат социјалните и егзистенцијалните аспекти. Секако, целта на овој труд не е да се направи детална анализа па затоа овде го поместуваме само општиот впечаток и заклучоци. Интерес на овој истражувачки труд е детална анализа на содржината на нашиот закон за детска заштита и присуството на психолошките аспекти во

истиот а тоа ќе биде образложено низ статистичката анализа во методолошкиот дел. Како што ќе се потврди и во следната глава од теоретскиот дел на трудот, општиот заклучок е дека претежно во законите и истражувањата се ставало акцент на разните видови на злоупотреба на децата и нивното ментално здравје, т.е. интересот повеќе е на социјално-патолошката страна на проблематиката.

I.9. Релевантни истражувања во областа

Истражената литература околу најрелевантните истражувања во областа не доведе до заклучок дека повеќето истражувања се направени со цел да се обезбеди адекватна законска и апликативна заштита на децата, и тоа во прв ред од дејства кои се против нивното физичко, ментално и емоционално здравје. Секако, овие истражувања придонесуваат да се подобрат постоечките закони за заштита на децата ширум светот. Денес, според современата литература, познати се неколку форми на повредување на правата на детето и повеќе видови на загрозување на детскиот телесен и ментален интегритет.

Најчесто, следните форми на насилство и загрозување над децата се посочувани:

(а) „Занемарување“ е намерно или неволно неизвршување на должностите и

Обврските за соодветна грижа и да го надгледување на детето и обезбедување на неговите основните физички, ментални, емоционални и социјални потреби;

(б) „Злоупотреба“ е секој намерен или ненамерен чин или пропуст од страна на родител, старател, негувател, или друго лице во позиција на доверба или авторитет што предизвикува или најверојатно ќе предизвика физичка, ментална или емоционална штета на детето;

(в) „малтретирање“ е секој намерен или ненамерен чин што резултира со физичка, ментална или емоционална штета на детето или било каков пропуст од родител, старател или отсуство на грижа за заштита на децата од таква штета, и воопшто од сите форми на насилство, агресија, суров или понижувачки однос кон детето;

(г) „Експлоатација“ значи:

- Сексуална експлоатација, вклучувајќи комерцијална сексуална експлоатација на деца во форма на детска проституција, детска порнографија и трговија со деца за овие цели;
- Економска експлоатација, вклучувајќи ги и најлошите форми на детски труд, питачење на деца, детска работа и детска домашна работа што не е во согласност со прописите од законот за детска заштита; и
- Други форми на експлоатација, вклучувајќи ги сите форми на ропство или слични практики;

(д) „Сексуална злоупотреба“ на деца значи секое :

- Ангажирање или поттикнување на деца на сексуални активности а кои се помлади од возраста за согласност за учество во сексуални активности во спротивност со членот 42 од законот;

- Ангажирање во сексуални активности со дете во злоупотреба на положба на доверба или овластување како што е она на родителот, старателот или давателот на грижата;

(ѓ) „Сексуални активности“ се сексуални односи и какви било други дејствија извршени врз, од, со или пред дете каде што присуството или учеството на детето е искористено за сексуалното задоволување на друго лице (според: Convention on the Rights of the Child (CRC), adopted by UN GA resolution 44/25 of Nov.20, 1989, entered into force Sep. 2, 1990; International Labour Organization, Convention Concerning the Prohibition and Immediate Action for the Elimination of the Worst Forms of Child Labour, Convention No. 182 of June 17, 1999, entered into force Nov. 19, 2000)

Како што гледаме овде се опфатени сите видови форми на злоупотреба на децата како од економски, социјален, така и од когнитивен и емоционален аспект. Секако, сексуалната злоупотреба е дел од злоупотребата на децата за задоволување на настраностите на возрасните луѓе. Истражувањата покажуваат фрапантни резултати во поглед на сиве наведени видови злоупотреба на децата и младите.

Меѓу другото, истражувањата за детската заштита треба да обезбедат:

(а) Извршување, унапредување и координација на истражувањето за националните појави на занемарување, злоупотреба, малтретирање и експлоатација на детето и соодветни одговори на интердисциплинарно и меѓуинституционално ниво;

(б) Анализа на таквото истражување за подобро разбирање на економските, социјалните и/или културни основни причини за овие инциденти на занемарување, злоупотреба, малтретирање на деца и експлоатација и развој на политики за заштита на децата (според: Best Practices: Protection of Children from Neglect, Abuse, Maltreatment, and Exploitation, January 2013, стр. 32)

Прирачникот за најдобри практики за детска заштита на национално и интернационално ниво обезбедува важно место на истражувачката практика со цел да се добијат релевантни податоци за статистичката распределба на овие негативни појави како на национално ниво во секоја држава, така и на светско интернационално ниво а со тоа да се обесбедат основи за подбрување на практиките за детска заштита а со тоа и на обезбедување соодветни едукации на професионалците, но и на родителите и старателите како и давателите на детска заштита. Основаноста на законите и практиките за заштита на децата врз ваквите релевантни истражувања, кои меѓу другото треба да обезбедат и социо-културни показатели за распространетоста и причините за овие појави, придонесува да се подобри квалитетот на даваните услуги. Оттаму, законите за детска заштита кои се базирани на вакви практики и истражувања ќе дадат многу посоодветен социјален одговор на институциите со цел севкупна и квалитетна заштита на децата од секакво зло.

Истражувањата на законите и програмите за детска заштита во земјите во развој, а што е важно за нашата земја исто така, генерално покажуваат ниска ефективност, т.е. поголем процент од истражуваните програми покажале само делумна ефикасност, мал процент целосна неефикасност и исто така мал процент на целосна ефикасност. Според некои релевантни извори, сеуште може да се каже дека ефективноста е само делумно истражена поради фактот дека нема доволно истражувачки податоци од многу голем дел од земјите во развој на светско ниво.

Според некои автори (De Sas Kropivnicki, 2012), може да се каже дека генерално, доказите покажуваат дека ефективноста на програмите за заштита на децата е многу променлива и се чини дека е само просечна. На пример, прегледот на УНИЦЕФ покажал дека 13 проценти од нејзините проекти за заштита на децата од насилство се сметаат за неефикасни, 67 проценти делумно ефективни и 19 проценти ефективни. Некои други автори (Davis et al., 2012, 10) истакнуваат пак, дека е важно е да се признае дека „заштитата на децата е политичка и не може да се разбере надвор од политичкиот контекст на владите и донаторите“. Постои „политика за заштита на децата, имено зошто владите и донаторите имаат посебни преференции меѓу опциите за политика и зошто има поголем ентузијазам за одредени програми за заштита на децата (на пр. Програми за деца без родители и деца без родители) отколку другите.“ Анализата на овие наоди не наведува на заклучокот колку се важни националните закони за детска заштита и дали се тие контекстуално и социо-културно, како и политички адекватни за некои подрачја од светот и дали тие политики соодветсвуваат со специфичните културни и национални како и социјални обележја на детската заштита на односните земји. Токму затоа овој труд е важен за да се види колку психолошките фактори се дел од законот за детска заштита во нашата земја а со цел таа да се подобри, прво преку подобрување на законските регулативи а потоа, соодветно и преку практичната примена на детската заштита на сите нивои во општеството. Освен тоа, како што наведе и Дејвис, приоритетните форми на детска заштита во некои држави се поистакнати отколку во други. Некаде повеќе внимание се посветува на физичкото насилство а некаде на трговијата со деца или пак користењето т.е. злоупотребата на детскиот труд на пример.

За нас е релевантно да ги видиме некои од заклучоците на земјите кои социо-културно се блиски до нас а секако и од аспект на менталитетот и навиките. Секако, земјите од поранешна Југославија се близок пример за нас. Истражувањата на политиките и практиките за детска заштита во Босна и Херцеговина покажале дека вкупната оценка на политиките за третираните статии на UNCRC е 0,732 од 1, што е добро, но сигнализира дека остануваат голем број прашања што се уште не се разоткриени со босанското законодавство. Резултатот за целокупната имплементација, т.е. за примената во пракика изнесува 0,470 од 1 и означува дека има значителен јаз помеѓу политиката и практиката од 0,262 (според: Child protection index 2.0, Bosnia and Hercegovina, 2019: Measuring government efforts to protect girls and boys, стр. 57) Овие индекси покажуваат дека не секогаш политиките и законските решенија доведуваат до подобри практики. Се чини дека и во Северна Македонија ситуацијата е слична согласно блискоста на законските решенија и програмите за детска заштита. Овие заклучоци покажуваат дека се потребни поголеми и попрофесионални напорит за да се изедначат законските одредби со нивната имплементација на национално ниво. Токму за таа цел, особено е значајно местото за заштитата на менталното здравје на децата како есенцијален дел од севкупната детска заштита во нашата земја. Ова истражување ќе даде релевантни податоци пред се, за присуството на психолошките аспекти во нашиот закон а со што повратно ќе се види каде треба подобрување со цел унапредување и заштита на овој многу значаен аспект од севкупното детско здравје.

ВТОР ДЕЛ

МЕТОДОЛОГИЈА (Методолошки дел)

II.1. Истражувачки проблем

Истражувачки проблем на ова истражување е – ***застапеност на психолошкото во законот за детска заштита на Република Северна Македонија.***

II.2. Истражувачки прашања

Во овој научен и истражувачки труд се поставуваат следните истражувачки прашања:

- Колку е застапено психолошкото во законот за детска заштита на Република Северна Македонија ?
- Колку е застапено социјалното во законот за детска заштита на република Северна Македонија?
- Колку е застапено егзистенцијалното во законот за детска заштита на република Северна Македонија?
- Колку е застапено педагошкото во законот за детска заштита на Република Северна Македонија?
- Дали социјалното е повеќе застапено од психолошкото во законот за детска заштита на Република Северна Македонија?
- Дали егзистенцијалното е повеќе застапено од психолошкото во законот за детска заштита на Република Северна Македонија?

- Дали педагошкото е повеќе застапено од психолошкото во законот за детска заштита на Република Северна Македонија?
- Кој аспект е најзастапен во законот за детска заштита на Република Северна Македонија?

II.3. Истражувачки хипотези

Во овој научен и истражувачки труд се поставуваат следните хипотези:

Главна хипотеза:

Психолошкиот аспект е најмалку процентуално застапен наспроти социјалниот, педагошкиот и егзистенцијалниот аспект во законот за детска заштита на Република Северна Македонија

Потхипотези

Потхипотеза 1:

Психолошкиот аспект е помалку процентуално застапен од социјалниот аспект во законот за детска заштита на Република Северна Македонија

Потхипотеза 2:

Психолошкиот аспект е помалку процентуално застапен од егзистенцијалниот аспект во законот за детска заштита на Република Северна Македонија

Потхипотеза 3:

Психолошкиот аспект е помалку процентуално застапен од педагошкиот аспект во законот за детска заштита на Република Северна Македонија

Потхипотеза 4:

Од сите четири аспекти, социјалниот е процентуално најзастапен во законот за детска заштита на Република Северна Македонија

Потхипотеза 5:

Социјалното е повеќе процентуално застапено од егзистенцијалното во законот за детска заштита на Република Северна Македонија

Потхипотеза 6:

Социјалното е повеќе процентуално застапено од педагошкото во законот за детска заштита на Република Северна Македонија

Потхипотеза 7:

Егзистенцијалното е повеќе процентуално застапено од педагошкото во законот за детска заштита на Република Северна Македонија

II.4. Варијабли

Во овој научен и истражувачки труд се истражуваат следниве варијабли:

Независна варијабла:

Закон за детска заштита на Република Северна Македонија.

Зависни варијабли:

Психолошкото – психолошка варијабла проценета преку процентуалното присуство

Социјалното – психо-социјална варијабла проценета преку нејзиното процентуално присуство во законот за детска заштита на Република Северна Македонија

Егзистенцијалното – социо-психолошка варијабла проценета преку нејзиното процентуално присуство во законот за детска заштита на Република Северна Македонија

Педагошкото – образовно-психолошка варијабла проценета преку нејзиното процентуално присуство во законот за детска заштита на Република Северна Македонија

II.5. Метод

Во овој научен и истражувачки труд е употребен методот – ***анализа на содржина.*** Методот на анализа на содржина е метод кој како основна единица на содржината го има единечниот и посебен (неповторуван) збор/поим, како во своето денотативно, буквално значење, така и конотативно, т.е. зависно од контекстот во текстот. Методот се одликува со потреба од правилна проценка на секој единечен збор/поим или група зборови смисловно поврзани кој/и ќе се анализира/ат од законот за детска заштита на Република Северна Македонија. При анализата во предвид за проценка се земаат зборовите: именки, глаголи и придавки. Предлозите, заменките, прилозите и сврзниците не се земени во предвид бидејќи не го носат значењето на категориите чие присуство се истражува во трудот. За целта на методот се користи процедурата на категоризирање на секој збор/поим или групи зборови/поими кои градат смисловна целина кој/и се/е релевантен/ни во една од четирите категории: психолошко, социјално, егзистенцијално, педагошко. Освен тоа, категориите зборови/поими се рангираат од прво до четврто место т.е. ранг според нивната процентуална застапеност од вкупниот број зборови/поими земени како релевантни за истражувањето.

II.6. Инструменти

Во овој научен и истражувачки труд се користи инструментот ***Категоризација*** во табела/работна матрица изработена од авторката а во која се внесуваат зборовите/поимите и/или групите зборови/поими кои се смислобно поврзани во четири категории: психолошко, социјално, педагошко и егзистенцијално. Во табелата/работната матрица за категоризација има полиња за секој од наведените аспекти, поле за бројчаната застапеност на посебните зборовите/поимите кои се јавуваат во секоја од четирите категории, поле за вкупната процентуална застапеност на зборовите/поимите од секоја категорија, поле за вкупниот процент на секоја од категориите како и поле во кое е впишан соодветниот ранг на секоја категорија според процентот на застапени зборови/поими од вкупниот број и процент зборови/поими земени како релевантни за обработка. Во долниот дел од табелата/работната матрица има поле за вкупниот број релевантни (земени во обзир) зборови/поими од сите четири категории и вкупниот процент како збир од поединечните проценти на секоја категорија.

II.7. Статистичка обработка на податоците

Во трудот е употребена ***дескриптивна статистика на ниво на проценти*** за секоја од трите категории.

ТРЕТИ ДЕЛ

II. РЕЗУЛТАТИ, ДИСКУСИЈА И ЗАКЛУЧОК

III.1. Резултати

III.1.1. Општ приказ на делот со резултати, дискусија и заклучок од истражувањето

Како што беше наведено во делот за методологијата на овој труд, истражувачки проблем на ова истражување е – застапеноста на психолошкото во законот за детска заштита на Република Северна Македонија. Имено, главното прашање имаше за цел да даде одговор на прашањето колкава е процентуалната застапеност на зборовите/поимите од психолошкото во законот за детска заштита на Република Северна Македонија. Појдовното стојалиште беше претпоставката дека застапеноста на психолошкото во еден ваков закон е од витално значење за подигање на свеста за менталното здравје на децата и создавање добро структурирана рамка со која ќе се овозможи како севкупна заштита така и заштита на менталното здравје на децата и младите. Освен главното истражувачко прашање кое се однесуваше на застапеноста на психолошкото во овој закон, беа поставени и други релевантни прашања кои се однесуваа на застапеноста и на другите три категории во овој истражувачки труд: егзистенцијалното, педагошкото и социјалното како најкруцијални елементи на севкупната заштита на децата. Чисто здравствениот, биолошкиот или телесниот аспект не беа земени во предвид бидејќи главната цел на истражувањето е да одговори на системот на психосоцијални и егзистенцијалистички варијабли кои се дел од овој закон а што е поткрепено и со фактот дека ова истражување влегува во областа на психологијата во социјалната заштита.

Главна хипотеза во истражувањето беше следната: *Психолошкиот аспект е најмалку процентуално застапен наспроти социјалниот, педагошкиот и егзистенцијалниот аспект во законот за детска заштита на Република Северна Македонија.* Потхипотези беа следниве:

Потхипотеза 1:

Психолошкиот аспект е помалку процентуално застапен од социјалниот аспект во законот за детска заштита на Република Северна Македонија

Потхипотеза 2:

Психолошкиот аспект е помалку процентуално застапен од егзистенцијалниот аспект во законот за детска заштита на Република Северна Македонија

Потхипотеза 3:

Психолошкиот аспект е помалку процентуално застапен од педагошкиот аспект во законот за детска заштита на Република Северна Македонија

Потхипотеза 4:

Од сите четири аспекти, социјалниот е процентуално најзастапен во законот за детска заштита на Република Северна Македонија

Потхипотеза 5:

Социјалното е повеќе процентуално застапено од егзистенцијалното во законот за детска заштита на Република Северна Македонија

Потхипотеза 6:

Социјалното е повеќе процентуално застапено од педагошкото во законот за детска заштита на Република Северна Македонија

Потхипотеза 7:

Егзистенцијалното е повеќе процентуално застапено од педагошкото во законот за детска заштита на Република Северна Македонија

Во овој научен и истражувачки труд беше употребен методот – **анализа на содржина**. Методот на анализа на содржина е метод кој како основна единица на содржината го имаше единечниот и посебен (неповторуван) збор/поим, како во своето денотативно, буквално значење, така и конотативно, т.е. зависно од контекстот во текстот, т.е. беше земан предвид процентуалната застапеност на сите посебни (неповторувани) зборови/поими од секоја од четирите категории без да се земат предвид нивните фреквенции. Тоа може да се доистражи во некој уште пообемен и посериозен научен труд.

Во овој научен и истражувачки труд се користи инструментот **Категоризација** во табела/работна матрица изработена од авторката а во која се внесуваа зборовите/поимите и/или групите зборови/поими кои се смисловно поврзани во четири категории: психолошко, социјално, педагошко и егзистенцијално.

Статистичката обработка беше на ниво на дескриптивна статистика со употреба на процентуалната застапеност со што се добија резултатите со кои се овозможи тестирање на хипотезите.

Подолу во посебни поглавја се прикажани резултатите по хипотези и за секој од резултатите има посебна дискусија и интерпретација. На крајот има посебно пшоглавје за дискусија на добиените податоци и нивно толкување од аспект на значајноста за ова истражување.

III.1.2. Општ приказ на резултатите

Во ова истражување во кое беше детално анализиран и прегледуван законот за детска заштита на Република Северна Македонија беа земени предвид само релевантните

посебни зборови/поими кои влегуваат во секоја од горенаведените категории: социјално, егзистенцијално, педагошко и психолошко.

Од вкупниот фонд на зборови во законот, како посебни зборови/поими кои влегуваат во една од категориите, без земани предвид понекогаш зборовите/поимите како посебни, единечни целини, но, понекогаш, во зависност од контекстот, тие беа земани како групи зборови кои градат една смисловна целина а само тогаш кога тоа од логички и научен како и стручен аспект е оправдано. Процесот на такво категоризирање не е лесна постапка и бара многу внимателна проценка на зборот/поимот во зависност од контекстуалното значење и од аспект на тоа дали е ставен како засебен збор/поим или гради посебна целина која би немала смисла ако ја раздвоиме на посебни зборовни/поимни единици.

Како пример, овде ќе посочиме некои единечни зборови, целини од по два збора/поимим или подолги зборовни/поимни смисловни и неделиви целини.

На пример од единечните зборови во категоријата социјално некои се следниве: Заштита, Права, Старатели, Семејство, Брак и др., додека во истата категорија социјално некои под групите зборови со по два збора/поими се следниве: Социјална дејност, Правни лица, Неповолна положба, Локална самоуправа и др. Групи/целини зборови/поими кои градат логичка и смисловна целина во категоријата социјално се некои од следниве: Центар за ран детски развој, Надоместоци на плата, Пензиски примања согласно со закон, Паричен надоместок за невработени лица и др.

Во категоријата егзистенцијално некои од единечните зборови/поими се следниве: Должност, Егзистенција, Живот, Смрт, Услови и др. Некои од кованиците зборови/поими составени од по два збора/поими се следниве: Етички кодекс, Домашни услови, Животен стандард и др. Некои од групите смисловно и логички поврзани целини зборови/поими се следниве: Место на живеење, Санитарно-хигиенски услови и др.

Во категоријата педагошко некои од застапените единечни зборови/поими се следниве: Образование, Едукација, Воспитание, Школување и др. Некои од кованиците од по два

збора/поими смисловно поврзани се следниве: Предучилишна возраст, Училишна возраст, Музички педагог, Ликовен педагог и др. Некои од посложените целини/системи од зборови/поими смисловно и логички поврзани се следниве: Планирање и подготвување на воспитно- образовната работа, Згрижувачко-воспитни работи, Настава во природа и др.

Во категоријата психолошко, некои од единечните релевантни зборови/поими се следниве: Психичко, Ментално, Емоции, Личност, Мислење и др. Некои од кованиците од по два збора/поими се следниве: Душевна болест, Ментално здравје, Личен развој и др. Некои од посложените кованици/целини од повеќе смисловно и логички поврзани зборови/поими се следниве: Развој на деца, Тест на интегритет и други.

Како што може да се види, сите посебни зборови/поими се грижливо категоризирани согласно нивното буквално, денотативно значење, така и согласно нивното контекстуално значење со оглед на нивното место во поширокатa целина и значение.

Од вкупниот фонд на зборови содржан во целиот закон за детска заштита на Република Северна Македонија, земени предвид во обработка се вкупно **тристотини седумдесет и три (373)** посебни зборови/поими кои се категоризирани во една од четирите категории.

Од сите тристотини седумдесет и три (373) посебни зборови/поими кои се категоризирани, во категоријата социјално спаѓаат вкупно **двестотини и дваесет (220) посебни** зборови/поими.

Во категоријата егзистенцијално спаѓаат вкупно **педесет и еден (51)** збор/поим од вкупно тристотини седумдесет и три зборови кои се категоризирани.

Во категоријата педагошко од вкупно тристотини седумдесет и три зборови кои се категоризирани спаѓаат вкупно **педесет и два (52)** зборови/поими.

Во категоријата психолошко, од вкупно категоризираните трстотини седумдесет и три зборови/поими вкупно спаѓаат **педесет (50)** зборови/поими.

Според овие резултати, прва во рангирањето е категоријата социјално со вкупно двестотини и дваесет зборови, веднаш по неа доаѓа категоријата педагошко со вкупно педесет и два зборови, па на третото место е категоријата егзистенцијално со вкупно педесет и еден збор/поим и на последното четврто рангирано место доаѓа категоријата психолошко со вкупно педесет зборови/поими.

Овие резултати табеларно се прикажани во табелата број 1.

Категорија	**Број на зборови**	**Ранг**
Социјално	**220**	**I (прв)**
Егзистенцијално	**51**	**III (трети)**
Педагошко	**52**	**II (втор)**
Психолошко	**50**	**IV (четврти)**
Вкупно категоризирани зборови/поими	**373**	**/**

Табела 1. Рангови на категории од вкупно категоризирани зборови

Како општ и првичен заклучок се наметнува она што е прилично забележително, т.е. дека категоријата социјално е далеку прворангирана пред другите три категории, што, впрочем беше и очекувано и претпоставено како што ќе видиме и од општата но и од посебните хипотези подолу наведени во посебни поглавја. Ова се должи на логичката предоминација на социјалното во секој и секаков закон од социјалната заштита па се разбира и законот за детска заштита, каде што главна цел е обезбедувањето на таквата социјална заштита од секако вид.

Кога станува пак за процентуалната застапеност на секоја од категориите од вкупниот фонд на категоризирани зборови/поими ја имаме следната ситуација која е прикажана подолу.

Имено, од вкупниот може процент на застапеност, категоријата социјално е најзастапена со дури **58,98 %**.

Категоријата егзистенцијално е застапена со вкупно **13,67 %.**

Категоријата педагошко е застапена со **13,94%.**

Категоријата психолошко е застапена со **13,40 %.**

Ваквата процентуална застапеност на секоја категорија од вкупно обработените зборови/поими е прикажана подолу во табелата број 2.

Категорија	Застапеност во проценти
Социјално	**58,98 %**
Егзистенцијално	**13,67 %**
Педагошко	**13,94 %**
Психолошко	**13,40 %**
Вкупно	**100,00 %**

Табела 2. Процентуална застапеност на категориите

На ова место нема да правиме детална анализа на разликите во проценти, тоа е оставено согласно секоја посебна како и главната хипотеза.

Сепак, овде накусо ќе наведеме дека разликата меѓу категоријата социјално во сразмер со сите три други категории земени заедно е дури цели 17,97 %. Тоа само бројчано и процентуално уште еднаш ја потврдува нејзината предоминација над сите други три категории кои се релевантни за ова истражување.

Категоријата социјално е повеќе застапена од категоријата егзистенцијално за цели 45,31 %. На ова место нема детално ова да го анализираме, но само ќе продискутираме дека оваа разлика е огромна во полза на категоријата социјално, што укажува на фактот дека во законот за детска заштита на Република Северна Македонија, социјалното е многу позначајно застапено а што може да се објасни со фактот дека иако овие две категории се блиски по некоја своја внатрешна значајност, сепак, во законот доминираат социјалните теми и варијабли, дури и кога се директно поврзани со некои егзистенцијални прашања и поими какви што се: животот, трошоците, вработеноста итн. т.е. тоа докажува дека егзистенцијалните прашања мораат да бидат прагматизирани, т.е. социјално структурирани законски покрепени за да можат да дадат видливи резултати во квалитетот на животот на децата.

Категоријата социјално е позастапена процентуално од второрангираната категорија педагошко за цели 45,04 %. И оваа разлика е огромна во корист на социјалното, но сепак статистички нешто помалку значајна од разликата со егзистенцијалното, иако тоа не е некоја голема разлика. Тоа се должи на фактот дека се работи за детска популација за која образовно-воспитните практики и воспитно-образовните системски политики се и тоа како значајни од аспект на нивната социјална заштита. Иако не ни е идејата тоа тука детално да го разгледуваме, сепак вредно е да се продискутира дека тоа се должи на значајноста на педагошкото во овие години на развој на децата и нивно образование, воспитување, едуцирање и севкупно социјализациско припремање за активниот живот кој им следи а што е од особена важност кога станува збор за прилагодеността на законот за детска заштита од аспект на социјалната заштита на оваа најранлива категорија – децата.

Категоријата социјално е процентуално позастапена од категоријата која е четврторангирана, т.е. категоријата психолошко за значајни дури 45,58 %. Разликата на најдоминантната категорија социјално е најизразена токму спрема најслабо застапената категорија психолошко. Тоа се должи на многу сложени фактори, најпрво на фактот дека најмалку внимание во законот за детска заштита е даден токму на психолошкиот фактор/аспект а кој е од есенцијално значение за заштитата на децата иако на прв поглед

тој не е круцијално и системски поврзан со буквалните форми на социјална заштита на децата од егзистенцијален и социјален аспект. Загрижува овој факт, но, бидејќи главна цел на овој труд е токму слабата застапеност на психолошкото во законот за детска заштита, тој проблем ќе биде подетално придискутиран во дискусијата за посебните хипотези.

Сето ова изнесено во овој дел е прикажано подолу во табелата број 3.

Категорија	**Разлики во проценти во корист на социјалното**
Социјално	**/**
Егзистенцијално	**45,31 %**
Педагошко	**45,04 %**
Психолошко	**45,58 %**

Табела 3. Разлики во процентуалната застапеност помеѓу социјалното и другите посебни категории.

Второрангираната категорија педагошко процентуално е помалку застапена наспроти процентуалната застапеност на социјалното напсрема другите две категории, но сепак значајно е овде, на ова место да ја прикажеме и таквата разлика.

Имено, категоријата педагошко процентуално е позастапена од категоријата егзистенцијално, која е треторангирана за само 0.27 %, значи ниту половина процент. Сепак и ваквата разлика се должи на фактите погоре посочени, дека педагошкото е сепак позначајно во севкупната социјална заштита од егзистенцијалното токму поради фактот дека истото е законски регулирано низ системите на социјална заштита кои се вткаени во

системот на социјална заштита, почнувајќи од градинките, преку училиштата како и преку неформалните форми на едукација и воспитание и вонинституционалната социјална заштита на децата во нашата земја. Се разбира дека егзистенцијалното е блиску поврзано со педагошкото во низа сегменти, но сепак педагошкото е многу повеќе прагматизирано низ директните видливи и практични форми на воспитување и образување на децата а со тоа и на подобрување на сецкупната нивна заштита чиј деле се разбира, и воспитно-образовниот процес.

Категоријата педагошко е процентуално позастапено од категоријата психолошко за нешто малку повеќе во споредба со егзистенцијалното, т.е. за 0,54 %. И тука ќе нагласиме дека ова не е голема и статистички значајна разлика, но сепак вредна е за дискусија. Имено, оваа разлика покажува дека психолошкото сепак за нецел процент е помалку застапено во законот за детска заштита на Република Северна Македонија а што укажува и на нашите хипотези дека сепак, психолошкото е најдолу во значајноста која и е дадена во овој закон.

Причините за ваквата состојба, бидејќи се значајни ќе се продискутираат малку подетално подолу во соодветните дискусии за секоја посебна релевантна хипотеза, но сепак и овде ќе укажеме на некои генерални заклучоци. Имено, поголемата застапеност на педагошкото од една страна е разбирлива, можеби единствено од аспект на значајноста на воспитанието и образованието на децата, па со тоа би можеле да се сложиме само од таквите стојалишта. Но, од друга страна пак, помалата застапеност ан психолошкото не го прави и реално помалку значајно, туку само укажува на недостаоците на законот за детска заштита како таков од аспект на помалата видливост на значењето на психолошкото и местото кое во самиот закон му е дадено.

Не можеме да се сложиме дека менталната заштита, менталното здравје и севкупната грижа за се прихолошко кај децата е од помала важност во севкупната социјална заштита од педагошките аспект на истата. Тоа значи дека во нашиот закон се занемаруваат аспектите на менталното здравје и социјалната заштита на психолошките аспект во емоционалниот, интелектуалниот и моралниот развој на детето и неговата личност.

Овие разлики во процентуалната застапеност помеѓу второрангираната категорија педагошко наспроти треторангираното егзистенцијално и четврторангираното психолошко се прикажани подолу во табелата број 4.

Категорија	**Разлики во проценти во корист на педагошкото**
Педагошко	**/**
Егзистенцијално	**0,27 %**
Психолошко	**0,54 %**

Табела 4. Разлики во процентуалната застапеност на категоријата педагошко наспроти категориите егзистенцијално и психолошко.

Кога станува збор пак за разликите помеѓу треторангираната категорија егзистенцијално и четврторангираното психолошко, разликите се мали но сепак од практичен аспект мошне значајни.

Имено, категоријата егзистенцијално е процентуално позастапена од категоријата психолошко со само 0,27 %. Иако оваа разлика е далеку од статистички значајна, сепак мошне е важен трендот кој се крие во неа, т.е. дека сепак, егзистенцијалното е повеќе застапено во законот за детска заштита, и покрај фактот дека психолошкото е далеку поструктурирано и од научен и од професионален аспект во севкупната детска заштита во Република Северна Македонија, како преку ангажманот на психолозите во социјалмната заштита на децата така и преку значајноста на менталното здравје за децата. Ваквиот тренд кој ја покажуваа оваа разлика не води до заклучокот дека во нашиот закон постојат повеќе поимни одредници кои имаат егзистенцијална и теоретска определба отколку психолошките поими кои се и важен дел од практичната работа во детската заштита. Пред

се, ова се однесува за важноста на психолошкиот и емоционалниот развој кој треба и мора да биде повеќе практично и функционално застапен во законот со што директно би се придонело кон зголемена социјална заштита на децата а тоа е, нели, и целта на таквите закони, да обезбедат практично-остварлива законска рамка која низ институционалните активности и системските решенија би ја зголемиле и подобриле социјалната заштита на децата.

Ваквите разлики во процентуалната застапеност помеѓу треторангираната категорија егзистенцијално и четврторангираната категорија психолошко се прикажани во табелата број 5.

Категорија	**Разлики во проценти во корист на егзистенцијалното**
Егзистенцијално	**/**
Психолошко	**0,27 %**

Табела 5. Разлики во процентуалната застапеност помеѓу категориите егзистенцијално и психолошко

Дополнителни и специфицирани дискусии и прикази на резултатите по хипотези следуваат во следните поглавја.

III.1.3. Резултати добиени од тестирање на главната хипотеза

Главна хипотеза во истражувањето беше следната: *Психолошкиот аспект е најмалку процентуално застапен наспроти социјалниот, педагошкиот и егзистенцијалниот аспект во законот за детска заштита на Република Северна Македонија*.

Според добиените резултати, оваа хипотеза се потврди.

Од вкупно тристотини седумдесет и три (373) зборови/поими категоризирани во сите четири категории, категоријата психолошко е најмалку застапена по број на зборови, т.е. на нејзе отпаѓаат само педесет (50) зборови/поими. Според тоа, заклучуваме дека хипотезата - Психолошкиот аспект е најмалку процентуално застапен наспроти социјалниот, педагошкиот и егзистенцијалниот аспект во законот за детска заштита на Република Северна Македонија се потврдува. Имено, според бројот на зборови категоријата психолошко е на последниот четврти ранг, т.е. на последното место според застапеност во споредба со категориите социјално, педагошко и егзистенцијално.

Овие резултати се прикажани подолу во табелата број 7.

Категорија	**Број на зборови**	**Ранг**
Социјално	**220**	**I (прв)**
Егзистенцијално	**51**	**III (трети)**
Педагошко	**52**	**II (втор)**
Психолошко	**50**	**IV (четврти)**
Вкупно категоризирани зборови/поими	**373**	**/**

Табела 7. Рангови на категории од вкупно категоризирани зборови

Ако се погледне процентуалната застапеност на категоријата психолошко, се утврдува дека таа е застапена со само 13,40 % од вкупниот број на категоризирани зборови/поими и со тоа уште еднаш во процентуална смисла се потврдува главната хипотеза дека психолошкото е најмалку застапено во законот за детска заштита на Република Северна Македонија.

Сликовито, резултатите за процентуалната застапеност се прикажани во табела број 8.

Категорија	Застапеност во проценти
Социјално	**58,98 %**
Егзистенцијално	**13,67 %**
Педагошко	**13,94 %**
Психолошко	**13,40 %**
Вкупно	**100,00 %**

Табела 8. Процентуална застапеност на категориите

Во општиот преглед на резултатите беше посочено дека тоа се должи на низа фактори. Овде ќе додадеме уште и дека ваквите резултати може да се протолкуваат дека се последица на недоволната застапеност на психолошкото во законот за детска заштита што упатува на заклучокот дека тенденцијата да се намалува значајноста на психолошките фактори во детската заштита сеуште постои. Едно од можните толкувања е дека децении наназад во нашата земја не се обраќало доволно внимание на менталниот, емоционалниот, интелектуалниот и севкупниот психолошки развој на децата. Таа тенденција сеуште постои, можеби не во толкав обем поради зголемената свесност на пошироката заедница за важноста на менталното здравје, но сепак, општиот заклучок е

дека не се посветувало доволно внимание при изработката на законските решенија за детска заштита токму на овие психолошки варијабли. Ова особено загрижува бидејќи средствата за информирање а што е парадоксално се повеќе информираат за значењето на менталното здравје, на личниот развој и свесноста за сопствената личност и воопшто за психолошките појави. Интернетот кој е достапен на сите а особено на младите би требало да ја зголеми значајноста на психолошкото во детската заштита, но, се чини дека тоа е сеуште само една теоретска информираност која не нашла плодно тло во самите законски решенија. Она што е уште поважно е т.н. домино-ефект, т.е. влијанието на законските решенија врз функционалноста на системот во пракса, т.е. какви закони такви практични решенија. И покрај фактот што ова истражување не покажа огормна разлика макар меѓу психолошкото и егзистенцијалното и педагошкото, сепак може да се заклучи дека ова истражување ќе биде корисно како знаење при изработка на идните и/или променетите законски решенија за детска заштита во нашата земја. Ваквите резултати наведуваат на идејата дека е потребно при секое законско решение да се имаат ,многу посериозно предвид психолошките фактори на развојот и менталното здравје на децата и нивнот личен развој и развојот на нивната севкупна личност.

III.1.4. Резултати добиени од тестирање на потхипотеза 1

Потхипотезата 1 во истражувањето гласеше: *Психолошкиот аспект е помалку процентуално застапен од социјалниот аспект во законот за детска заштита на Република Северна Македонија.*

Според добиените резултати оваа хипотеза се прифаќа.

Резултатите покажаа дека психолошкиот аспект/категорија е далеку помалку процентуално застапен од социјалниот аспект/категорија со само 13,40 % наспроти социјалниот со дури 58,98 %. Оваа разлика е статистички значајна и голема. Имено,

социјалната категорија е на прв ранг, прворангирана, додека психолошката категорија е последна, т.е. четворторангирана.

Подолу во табелата број 9 тоа е сликовито табеларно прикажано.

Категорија	**Процентуална застапеност**	**Ранг**
Социјално	**58,98 %**	**I (прв)**
Психолошко	**13,40 %**	**IV (четврти)**

Табела 9. Процентуална застапеност на категориите социјално и психолошко и нивниот ранг

Разликата во процентуалната застапеност помеѓу социјалното и психолошкото а во корист на социјалното е дури цели 45,58 % што укажува на голема разлика.

Како надополнување на дискусијата за можните причини за ваквата разлика недвојбено е фактот дека социјалното и по природата на нештата е логично да биде позастапено во еден ваков закон, иако загрижува фактот за волку изразената доминација на социјалното. Ако навлеземе малку повеќе во природата на споцијалната заштита и посебно, заштитата на децата, ќе заклучиме дека ниту една социјална категорија не е имуна на психолошкото, т.е. во неа недвојбено секогаш постојат и психолошки елементи. Како дел од севкупната детска заштита секако е и делот за заштита на менталното здравје, квалитетот на живот на детето и секако неговиот сеопшт ментален, емоционален и интелектуален развој. Низа мерки за заштита не вклучуваат само чисти социјални елементи какви што се обезбедување соодветна грижа, парична помош, старателство и сл., туку и елементи кои во себе носат психолошки аспекти какви што се грижа за менталното здравје, заштита на децата од ментални заболувања и злоупотреба од секаков вид (какви што и се наведени

во законот!), развој на личноста обезбедување квалитетна и придонесувачка околина за здрав ментален развој и друго.

III.1.5. Резултати од тестирање на потхипотеза 2

Потхипотезата 2 гласеше: *Психолошкиот аспект е помалку процентуално застапен од егзистенцијалниот аспект во законот за детска заштита на Република Северна Македонија.*

Според добиените резултати од истражувањето и оваа потхипотеза 2 дека - Психолошкиот аспект е помалку процентуално застапен од егзистенцијалниот аспект во законот за детска заштита на Република Северна Македонија се потврди.

Резултатите покажаа дека категоријата егзистенцијално е повисоко рангирана од категоријата психолошко, т.е. таа е треторангирана со вкупно педесет и еден (51) зборови/поими наспроти категоријата психолошко која е четврторангирана со вкупно педесет (50) зборови/поими.

Од аспект на процентуалната застапеност, категоријата егзистенцијално е застапена со 13,67 % наспроти категоријата психолошко која е застапена со 13,40 % од вкупниот број категоризирани зборови/поими од законот за детска заштиота на Република Северна Македонија. Ваквите резултати кои ја потврдија потхипотезата 2 се прикажани табеларно во табелата број 10.

Категорија	**Процентуална застапеност**	**Ранг**
Егзистенцијално	**13,67 %**	**I (трети)**
Психолошко	**13,40 %**	**IV (четврти)**

Табела 10. Процентуална застапеност на категориите егзистенцијално и психолошко и нивниот ранг

Иако разликата во проценти е само 0,27 % во корист на категоријата егзистенцијално, сепак овие резултати не треба да се занемарат, особено од аспект на тенденцијата, на трендот дури и егзистенцијалното, кое иако е во суштината на детската заштита сепак не е од прагматичен аспект толку значајна колку категоријата психолошко. Како надополнение на претходните дискусии во општиот приказ на резултатите, овде би додале уште и дека некои социо-културни фактори придонесуваат егзистенцијалното да се перцепира како позначајно од психолошкото во детската заштита. Тоа е така поради неколку причини од кои една е дека ние сеуште се сметаме за земја во развој а тоа значид ека многу семејства а со тоа и родители, старатели и згрижувачи на деца се соочуваат со егзистенцијални проблеми и потешкотии какви што се: ниската вработеност, слабите примања, недоволно квалитетните услови за домување и сл. А што придонесува во нашата средина сеуште тие проблеми да бидат на едно од првите места при законските решенија за детска заштита. И покрај тоа што мораме да се сложиме околу суштинската важност на егзистенцијалните варијабли, без кои не би бил возможен никаков развој ниту заштита на децата, сепак, насушно е потребно, дури и неопходно да се стави акцент на пшсихолошките фактори при сите и секаквите законски решенија кога детската заштита е во прашање.

III.1.6. Резултати од тестирањето на потхипотеза 3

Потхипотезата 3 гласеше: *Психолошкиот аспект е помалку процентуално застапен од педагошкиот аспект во законот за детска заштита на Република Северна Македонија.*

Според добиените резултати од истражувањето и оваа потхипотеза 3 дека - Психолошкиот аспект е помалку процентуално застапен од педагошкиот аспект во законот за детска заштита на Република Северна Македонија се потврди.

Резултатите покажаа дека категоријата/аспектот педагошко е подобро рангиран од категоријата/аспектот психолошко, т.е. педагошкото е второрангирано со вкупно педесет

и два (52) зборови/поими наспроти психолошкото кое е четврторангирано со вкупно педесет (50) зборови поими.

Анализата на процентуалната застапеност покажа дека категоријата педагошко е застапено со 13,94 % наспроти категоријата психолошко со 13,40 %.

Ваквите резултати се табеларно прикажани во табелата број 11.

Категорија	**Процентуална застапеност**	**Ранг**
Педагошко	**13,94 %**	**I (втор)**
Психолошко	**13,40 %**	**IV (четврти)**

Табела 11. Процентуална застапеност на категориите педагошко и психолошко и нивниот ранг

И покрај фактот дека процентуалната застапеност е само 0,54 % во корист на педагошкото, сепак овие резултати не се за потценување. Тие покажуваат, покрај погорепеченото, дека психолошките фактори се помалку застапени а со тоа и помалку вреднувани од педагошките, т.е. дека сеуште на нив се гледа како на споредни појави во севкупната детска заштита. Тоа во реалниот живот и не е толку точно, бидејќи и во самиот воспитно-образовен систем, психолошките фактори и тоа како се присутни а со тоа се присутни не помалку од педагошките и во детската заштита. Имено, во самата педагошка практика се применуваат низа научни и стручни сознанија од развојната психологија ан детството иа долесценцијата како и до социјалната психологија и психологијата на личноста. Целата педагошка методлогија е испреплетена со психолошки методи и техники на работа со децата а тоа е есенцијален дел од детскиот развој и нивниот воспитно-образовен процес. Исто така, не смее да се занемари фактот дека во социјалната заштита а во случајов во

детската заштита сепак доминираат психолозите како стручни лица и се многу побројни од педагозите во речиси сите социјално-заштитни институции: центрите за социјална работа, воспитно-поправните домови за деца и млади, невладините порганизации итн. Секако, и педагозите се тука, особено социјалните педагози, педагозите вработени во институциите за социјална заштита, иако, пак ќе нагласиме во помал број. Оттаму, се наметнува прашањето колку е оправдано педагошкото да преовладува во законот за детска заштита и покрај фактот дека тоа преовладување не е големо.

III.1.7. Резултати од тестирањето на потхипотеза 4

Потхипотезата 4 гласеше: *Од сите четири аспекти, социјалниот е процентуално најзастапен во законот за детска заштита на Република Северна Македонија.*

Според добиените резултати и оваа хипотеза дека - Од сите четири аспекти, социјалниот е процентуално најзастапен во законот за детска заштита на Република Северна Македонија се потврди.

Резултатите недвојбено покажаа дека категоријата социјално е предоминантно над сите други три категории/аспекти. Оваа категорија е прворангирана со дури вкупно двестотини и дваесет (220) посебни зборови/поими наспроти вкупно педесет и два (52) кај второрангираната категорија педагошко, педесет и еден (51) зборови/поими од треторангираната категорија егзистенцијално и педесет (50) зборови/поими од категоријата психолошко која е последна, четврторангирана.

Процентуалната застапеност покажува дека категоријата социјално е застапена со дури 58.98 % од вкупниот број од тристотини седумдесет и три (373) категоризирани зборови/поими.

Табеларно овие резултати за рангот и процентуалната застапеност на социјалното наспроти другите три категории се прикажани во табелите број 12 и број 13.

Категорија	Број на зборови	Ранг
Социјално	**220**	**I (прв)**
Егзистенцијално	**51**	**III (трети)**
Педагошко	**52**	**II (втор)**
Психолошко	**50**	**IV (четврти)**
Вкупно категоризирани зборови/поими	**373**	**/**

Табела 12. Рангови на категории

Категорија	Застапеност во проценти
Социјално	**58,98 %**
Егзистенцијално	**13,67 %**
Педагошко	**13,94 %**
Психолошко	**13,40 %**
Вкупно	**100,00 %**

Табела 13. Процентуална застапеност на категориите

Ако се погледнат разликите во процентуалната застапеност на категориите во корист на категоријата социјалното ќе се види една огромна предоминација при што, социјалното е процентуално повеќе застапено од егзистенцијалното со дури 45,31 %.

Социјалното е процентуално повеќе застапено од педагошкото со дури 45,04 %.

Социјалното е процентуално застапено повеќе од психолошкото со дури 45,58 %.

Табеларно тоа е прикажано во табелата број 14.

Категорија	**Разлики во проценти во корист на социјалното**
Социјално	**/**
Егзистенцијално	**45,31 %**
Педагошко	**45,04 %**
Психолошко	**45,58 %**

Табела 14. Разлики во проценти во корист на социјалното

Ваквите резултати беа детално објаснети низ сите претходни поглавја и овде нема дополнително да се осврнуваме на нив.

III.1.8. Резултати од тестирањето на потхипотеза 5

Потхипотезата 5 гласеше: *Социјалното е повеќе процентуално застапено од егзистенцијалното во законот за детска заштита на Република Северна Македонија.*

Според добиените резултати и оваа хипотеза која вели дека - Социјалното е повеќе процентуално застапено од егзистенцијалното во законот за детска заштита на Република Северна Македонија е потврдена.

Резултатите покажаа дека социјалното е прворангирано со дури двестотини и дваесет (220) зборови/поими наспроти егзистенцијалното кое е треторангирано со само вкупно педесет и еден (51) зборови/поими од вкупно категоризираните.

Анализата на процентуалната застапеност покажа дека социјалното е застапено со дури 58,98 % наспроти егзистенцијалното кое е застапено за само 13,67 %.

Овие резултати се табелатно прикажани во табелата број 15.

Категорија	**Процентуална застапеност**	**Ранг**
Социјално	**58,98 %**	**I (прв)**
Егзистенцијално	**13,67 %**	**III (трети)**

Табела 15. Процентуална застапеност и ранг на категориите социјално и егзистенцијално

Разликата во процентуалната застапеност на социјалното наспроти егзистенцијалното е дури цели 45,31 % во корист на социјалното.

Ваквата огромна разлика е табеларно прикажана во табелата број 16.

Категорија	**Разлика во процентуалната застапеност во корист на социјалното**
Социјално	**/**
Егзистенцијално	**45,31 %**

Табела 16. Разлики во процентуалната застапеност во корист на социјалното наспроти егзистенцијалното

Оваа огромна разлика во корист на социјалното а што се огледува и во самиот ранг на категориите, недвојбено ја прикажува практичната предоминација на социјалното над егзистенцијалното, иако, како што и погоре коментиравме, егзистенцијалното е во самата суштина на социјалното, од аспект на детската заштита. Но, фактот дека сите политики и методологии кои имаат за цел детска заштита се базирани на социјалните практики, овозможува донекаде оправдана предоминација на социјалното. Од друга страна пак, егзистенцијалнотомора да се има предвид во секој законз а детска заштита, бидејќи во него се содржани основните хуманистички постулати врз коис е темели секоја добра и квалитетна социјална политика и работа а во коруст на детската добробит.

III.1.9. Резултати од тестирањето на потхипотеза 6

Потхипотезата 6 гласеше: *Социјалното е повеќе процентуално застапено од педагошкото во законот за детска заштита на Република Северна Македонија*.

Според добиените резултати хипотезата 6 која тврди дека - Социјалното е повеќе процентуално застапено од педагошкото во законот за детска заштита на Република Северна Македонија се потврди.

Резултатите покажаа дека социјалното е застапено со вкупно двестотини и дваесет (220) зборови/поими од вкупно категоризираните наспроти педагошкото кое е застапено со само педесет и два (52) зборови/поими од вкупно категоризираните. Со тоа, социјалното е прворангирано а педагошкото е веднаш зад него, второрангирано иако со огромна разлика во корист на социјалното.

Анализата на процентуалната застапеност покажува огромна предоминација на социјалното кое е застапено со дури 58,98 % наспроти педагошкото кое е застапено со 13,94 %.

Ваквите резултати се табеларно прикажани во табелата број 17.

Категорија	Процентуална застапеност	Ранг
Социјално	**58,98 %**	**I (прв)**
Педагошко	**13,94 %**	**II (втор)**

Табела 17. Процентуална застапеност и ранг на категориите социјално и педагошко

Разликата во проценти е огромна во корист на социјалното, односно цели 45,04 % во корист на социјалното, иако е помала за нијанса од разликите наспроти егзистенцијалното и психолошкото.

Овие разлики се графички прикажани во табелата број 18.

Категорија	Разлики во процентуалната застапеност во корист на социјалното
Социјално	**/**
Педагошко	**45,04 %**

Табела 18. Разлики во процентуалната застапеност во корист на социјалното наспроти педагошкото

Овие резултати покажуваат огромна предоминација на социјалното наспроти педагошкото најверојатно заради фактот дека социјалното по природата на својата област

и треба да доминира во детската заштита. Сепак, се прашуваме дали оваа огромна разлика е оправдана од аспект на тоа дека педагошкото е витален аспект на севкупната социјална заштита на децата, почнувајќи од важноста на предучилишното воспитание и образование па се до образованието во погорните одделенија. Освен тоа, без добар воспитно-образовен процес и систем немаме и добра основа за социјална правда а уште помалку за социјална заштита.

III.1.10. Резултати од тестирањето на потхипотеза 7

Потхипотезата 7 гласеше: *Егзистенцијалното е повеќе процентуално застапено од педагошкото во законот за детска заштита на Република Северна Македонија.*

Според добиените резултати потхипотезата 7 која гласи - Егзистенцијалното е повеќе процентуално застапено од педагошкото во законот за детска заштита на Република Северна Македонија, не се потврди. Воедно ова е единствената потхипотеза која не се потврди.

Резултатите покажаа дека егзистенцијалното е застапено со вкупно педесет и еден (51) зборови/поими од вкупно категоризираните наспроти педесет и два (52) зборови/поими кои се категоризирани во категоријата педагошко. Со тоа, егзистенцијалното е едно место подолу, т.е. треторангирано наспроти педагошкото кое е второрангирано, веднаш зад социјалното кое е прворангирано.

Процентуалната застапеност е исто така во корист на педагошкото кое е застапено со 13,94 % наспроти егзистенцијалното кое е застапено со 13,67 %.

Овие резултати се прикажани подолу во табелата број 19.

Категорија	Процентуална застапеност	Ранг
Педагошко	**13,94 %**	**II (втор)**
Егзистенцијално	**13,67 %**	**III (трети)**

Табела 19. Процентуална застапеност и ранг на категориите педагошко и егзистенцијално

Разликата во процентуалната застапеност во корист на педагошкото е само 0,27 %.

Оваа разлика е табеларно прикажана во табелата број 20.

Категорија	Разлика во процентуална застапеност во корист на педагошкото
Педагошко	**/**
Егзистенцијално	**0,27 %**

Табела 20. Разлика во процентуалната застапеност на педагошкото наспроти егзистенцијалното

Иако оваа разлика е статистички минорна, сепак како тенденција и тренд укажува на фактот дека акцентот сеуште се става на педагошкото наспроти егзистенцијалното. Тоа може да се должи на фактот погоре споменат дека педагошкото е повеќе институционализирано наспроти егзистенцијалното, иако второто, како што повеќе пати нагласивме е во суштината на социјалната а со тоа и на детската заштита како збир и систем на вредности.

III.2. Дискусија

III.2.1. Општа дискусија

Според добиените резултати, во ова обемно истражување на законот за детска заштита на Република Северна Македонија, може да се изведе следната заклучна дискусија, која ги опфаќа поединечните дискусии кои произлегоа од анализата на поединечните резултати за секја посебна хипотеза и секако, заклучоците од главната хипотеза.

Појдовното стојалиште беше претпоставката дека застапеноста на психолошкото во еден ваков закон е од витално значење за подигање на свеста за менталното здравје на децата и создавање добро структурирана рамка со која ќе се овозможи како севкупна заштита така и заштита на менталното здравје на децата и младите. Освен главното истражувачко прашање кое се однесуваше на застапеноста на психолошкото во овој закон, беа поставени и други релевантни прашања кои се однесуваа на застапеноста и на другите три категории во овој истражувачки труд: егзистенцијалното, педагошкото и социјалното како најкруцијални елементи на севкупната заштита на децата. Чисто здравствениот, биолошкиот или телесниот аспект не беа земени во предвид бидејќи главната цел на истражувањето е да одговори на системот на психосоцијални и егзистенцијалистички варијабли кои се дел од овој закон а што е поткрепено и со фактот дека ова истражување влегува во областа на психологијата во социјалната заштита.

Во ова истражување во кое беше детално анализиран и прегледуван законот за детска заштита на Република Северна Македонија беа земени предвид само релевантните посебни зборови/поими кои влегуваат во секоја од горенаведените категории: социјално, егзистенцијално, педагошко и психолошко.

Од вкупниот фонд на зборови во законот, како посебни зборови/поими кои влегуваат во една од категориите, без земани предвид понекогаш зборовите/поимите како посебни,

единечни целини, но, понекогаш, во зависност од контекстот, тие беа земани како групи зборови кои градат една смисловна целина а само тогаш кога тоа од логички и научен како и стручен аспект е оправдано. Процесот на такво категоризирање не е лесна постапка и бара многу внимателна проценка на зборот/поимот во зависност од контекстуалното значење и од аспект на тоа дали е ставен како засебен збор/поим или гради посебна целина која би немала смисла ако ја раздвоиме на посебни зборовни/поимни единици.

Како пример, овде ќе посочиме некои единечни зборови, целини од по два збора/поимим или подолги зборовни/поимни смисловни и неделиви целини.

На пример од единечните зборови во категоријата социјално некои се следниве: Заштита, Права, Старатели, Семејство, Брак и др., додека во истата категорија социјално некои под групите зборови со по два збора/поими се следниве: Социјална дејност, Правни лица, Неповолна положба, Локална самоуправа и др. Групи/целини зборови/поими кои градат логичка и смисловна целина во категоријата социјално се некои од следниве: Центар за ран детски развој, Надоместоци на плата, Пензиски примања согласно со закон, Паричен надоместок за невработени лица и др.

Во категоријата егзистенцијално некои од единечните зборови/поими се следниве: Должност, Егзистенција, Живот, Смрт, Услови и др. Некои од кованиците зборови/поими составени од по два збора/поими се следниве: Етички кодекс, Домашни услови, Животен стандард и др. Некои од групите смисловно и логички поврзани целини зборови/поими се следниве: Место на живеење, Санитарно-хигиенски услови и др.

Во категоријата педагошко некои од застапените единечни зборови/поими се следниве: Образование, Едукација, Воспитание, Школување и др. Некои од кованиците од по два збора/поими смисловно поврзани се следниве: Предучилишна возраст, Училишна возраст, Музички педагог, Ликовен педагог и др. Некои од посложените целини/системи од зборови/поими смисловно и логички поврзани се следниве: Планирање и подготвување на воспитно- образовната работа, Згрижувачко-воспитни работи, Настава во природа и др.

Во категоријата психолошко, некои од единечните релевантни зборови/поими се следниве: Психичко, Ментално, Емоции, Личност, Мислење и др. Некои од кованиците од по два збора/поими се следниве: Душевна болест, Ментално здравје, Личен развој и др. Некои од посложените кованици/целини од повеќе смисловно и логички поврзани зборови/поими се следниве: Развој на деца, Тест на интегритет и други.

Како што може да се види, сите посебни зборови/поими се грижливо категоризирани согласно нивното буквално, денотативно значење, така и согласно нивното контекстуално значење со оглед на нивното место во поширокатa целина и значение.

Од вкупниот фонд на зборови содржан во целиот закон за детска заштита на Република Северна Македонија, земени предвид во обработка се вкупно тристотини седумдесет и три (373) посебни зборови/поими кои се категоризирани во една од четирите категории.

Од сите тристотини седумдесет и три (373) посебни зборови/поими кои се категоризирани, во категоријата социјално спаѓаат вкупно двестотини и дваесет (220) посебни зборови/поими.

Во категоријата егзистенцијално спаѓаат вкупно педесет и еден (51) збор/поим од вкупно тристотини седумдесет и три зборови кои се категоризирани.

Во категоријата педагошко од вкупно тристотини седумдесет и три зборови кои се категоризирани спаѓаат вкупно педесет и два (52) зборови/поими.

Во категоријата психолошко, од вкупно категоризираните трстотини седумдесет и три зборови/поими вкупно спаѓаат педесет (50) зборови/поими.

Според овие резултати, прва во рангирањето е категоријата социјално со вкупно двестотини и дваесет зборови, веднаш по неа доаѓа категоријата педагошко со вкупно педесет и два зборови, па на третото место е категоријата егзистенцијално со вкупно педесет и еден збор/поим и на последното четврто рангирано место доаѓа категоријата психолошко со вкупно педесет зборови/поими.

Општите резултати покажаа дека категоријата социјално е далеку прворангирана пред другите три категории, што, впрочем беше и очекувано и претпоставено како што ќе видиме и од општата но и од посебните хипотези подолу наведени во посебни поглавја. Ова се должи на логичката предоминација на социјалното во секој и секаков закон од социјалната заштита па се разбира и законот за детска заштита, каде што главна цел е обезбедувањето на таквата социјална заштита од секако вид.

Податокот дека категоријата социјално е повеќе застапена од категоријата егзистенцијално за цели 45,31 % укажува на фактот дека во законот за детска заштита на Република Северна Македонија, социјалното е многу позначајно застапено а што може да се објасни со фактот дека иако овие две категории се блиски по некоја своја внатрешна значајност, сепак, во законот доминираат социјалните теми и варијабли, дури и кога се директно поврзани со некои егзистенцијални прашања и поими какви што се: животот, трошоците, вработеноста итн. т.е. тоа докажува дека егзистенцијалните прашања мораат да бидат прагматизирани, т.е. социјално структурирани законски покрепени за да можат да дадат видливи резултати во квалитетот на животот на децата.

Податокот дека категоријата социјално е позастапена процентуално од второрангираната категорија педагошко за цели 45,04 % води до дискусија дека оваа реалност се должи на фактот дека се работи за детска популација за која образовно-воспитните практики и воспитно-образовните системски политики се и тоа како значајни од аспект на нивната социјална заштита. Тоа се должи на значајноста на педагошкото во овие години на развој на децата и нивно образование, воспитување, едуцирање и севкупно социјализациско припремање за активниот живот кој им следи а што е од особена важност кога станува збор за прилагодеността на законот за детска заштита од аспект на социјалната заштита на оваа најранлива категорија – децата.

Резултатот кој покажува дека категоријата социјално е процентуално позастапена од категоријата која е четврторангирана, т.е. категоријата психолошко за значајни дури 45,58 % може да се објасни дека должи на многу сложени фактори, најпрво на фактот дека најмалку внимание во законот за детска заштита е даден токму на психолошкиот

фактор/аспект а кој е од есенцијално значение за заштитата на децата иако на прв поглед тој не е круцијално и системски поврзан со буквалните форми на социјална заштита на децата од егзистенцијален и социјален аспект.

Фактот дека категоријата педагошко процентуално е позастапена од категоријата егзистенцијално, која е треторангирана за само 0.27 %, значи ниту половина процент, сепак покажува дека и ваквата мала разлика се должи на фактите погоре посочени, дека педагошкото е сепак позначајно во севкупната социјална заштита од егзистенцијалното токму поради фактот дека истото е законски регулирано низ системите на социјална заштита кои се вткаени во системот на социјална заштита, почнувајќи од градинките, преку училиштата како и преку неформалните форми на едукација и воспитание и вонинституционалната социјална заштита на децата во нашата земја. Се разбира дека егзистенцијалното е блиску поврзано со педагошкото во низа сегменти, но сепак педагошкото е многу повеќе прагматизирано низ директните видливи и практични форми на воспитување и образување на децата а со тоа и на подобрување на сецкупната нивна заштита чиј деле се разбира, и воспитно-образовниот процес.

Резултатот дека категоријата педагошко е процентуално позастапено од категоријата психолошко за нешто малку повеќе во споредба со егзистенцијалното, т.е. за 0,54 %, сепак покажува дека психолошкото сепак за нецел процент е помалку застапено во законот за детска заштита на Република Северна Македонија а што укажува и на нашите хипотези дека сепак, психолошкото е најдолу во значајноста која и е дадена во овој закон.

Поголемата застапеност на педагошкото од една страна е разбирлива, можеби единствено од аспект на значајноста на воспитанието и образованието на децата, па со тоа би можеле да се сложиме само од таквите стојалишта. Но, од друга страна пак, помалата застапеност на психолошкото не го прави и реално помалку значајно, туку само укажува на недостаоците на законот за детска заштита како таков од аспект на помалата видливост на значењето на психолошкото и местото кое во самиот закон му е дадено.

Не можеме да се сложиме дека менталната заштита, менталното здравје и севкупната грижа за се прихолошко кај децата е од помала важност во севкупната социјална заштита

од педагошките аспект на истата. Тоа значи дека во нашиот закон се занемаруваат аспектите на менталното здравје и социјалната заштита на психолошките аспект во емоционалниот, интелектуалниот и моралниот развој на детето и неговата личност.

Иако резултатот покажува дека категоријата егзистенцијално е процентуално позастапена од категоријата психолошко со само 0,27 %, сепак мошне е важен трендот кој се крие во неа, т.е. дека сепак, егзистенцијалното е повеќе застапено во законот за детска заштита, и покрај фактот дека психолошкото е далеку поструктурирано и од научен и од професионален аспект во севкупната детска заштита во Република Северна Македонија, како преку ангажманот на психолозите во социјалната заштита на децата така и преку значајноста на менталното здравје за децата. Ваквиот тренд кој ја покажува оваа разлика нè води до заклучокот дека во нашиот закон постојат повеќе поимни одредници кои имаат егзистенцијална и теоретска определба отколку психолошките поими кои се и важен дел од практичната работа во детската заштита. Пред се, ова се однесува за важноста на психолошкиот и емоционалниот развој кој треба и мора да биде повеќе практично и функционално застапен во законот со што директно би се придонело кон зголемена социјална заштита на децата а тоа е, нели, и целта на таквите закони, да обезбедат практично-остварлива законска рамка која низ институционалните активности и системските решенија би ја зголемиле и подобриле социјалната заштита на децата.

III.2.2. Дополнителна дискусија по посебните хипотези

Главна хипотеза:

Генерално, може да се каже дека дискусијата околу резултатите за главната хипотеза дека - *Психолошкиот аспект е најмалку процентуално застапен наспроти социјалниот, педагошкиот и егзистенцијалниот аспект во законот за детска заштита на Република Северна Македонија*, водат до разбирањето дека може да се протолкуваат дека се последица на недоволната застапеност на психолошкото во законот за детска заштита што упатува на заклучокот дека тенденцијата да се намалува значајноста на

психолошките фактори во детската заштита сеуште постои. Едно од можните толкувања е дека децении наназад во нашата земја не се обраќало доволно внимание на менталниот, емоционалниот, интелектуалниот и севкупниот психолошки развој на децата. Таа тенденција сеуште постои, можеби не во толкав обем поради зголемената свесност на поширокатa заедница за важноста на менталното здравје, но сепак, општиот заклучок е дека не се посветувало доволно внимание при изработката на законските решенија за детска заштита токму на овие психолошки варијабли. Ова особено загрижува бидејќи средствата за информирање а што е парадоксално се повеќе информираат за значењето на менталното здравје, на личниот развој и свесноста за сопствената личност и воопшто за психолошките појави. Интернетот кој е достапен на сите а особено на младите би требало да ја зголеми значајноста на психолошкото во детската заштита, но, се чини дека тоа е сеуште само една теоретска информираност која не нашла плодно тло во самите законски решенија. Она што е уште поважно е т.н. домино-ефект, т.е. влијанието на законските решенија врз функционалноста на системот во пракса, т.е. какви закони такви практични решенија. И покрај фактот што ова истражување не покажа огормна разлика макар меѓу психолошкото и егзистенцијалното и педагошкото, сепак може да се заклучи дека ова истражување ќе биде корисно како знаење при изработка на идните и/или променетите законски решенија за детска заштита во нашата земја. Ваквите резултати наведуваат на идејата дека е потребно при секое законско решение да се имаат ,многу посериозно предвид психолошките фактори на развојот и менталното здравје на децата и нивнот личен развој и развојот на нивната севкупна личност.

Потхипотеза 1:

Потхипотезата 2 која гласеше: *Психолошкиот аспект е помалку процентуално застапен од егзистенцијалниот аспект во законот за детска заштита на Република Северна Македонија* и која се потврди, може да се каже дека недвојбено е резултат на фактот дека социјалното и по природата на нештата е логично да биде позастапено во еден ваков закон, иако загрижува фактот за волку изразената доминација на социјалното. Ако навлеземе малку повеќе во природата на споцијалната заштита, и, посебно, заштитата на

децата, ќе заклучиме дека ниту една социјална категорија не е имуна на психолошкото, т.е. во неа недвојбено секогаш постојат и психолошки елементи. Како дел од севкупната детска заштита секако е и делот за заштита на менталното здравје, квалитетот на живот на детето и секако неговиот сеопшт ментален, емоционален и интелектуален развој. Низа мерки за заштита не вклучуваат само чисти социјални елементи какви што се обезбедување соодветна грижа, парична помош, старателство и сл., туку и елементи кои во себе носат психолошки аспекти какви што се грижа за менталното здравје, заштита на децата од ментални заболувања и злоупотреба од секаков вид (какви што и се наведени во законот!), развој на личноста обезбедување квалитетна и придонесувачка околина за здрав ментален развој и друго.

Потхипотеза 2:

Потхипотезата два која гласеше - *Психолошкиот аспект е помалку процентуално застапен од егзистенцијалниот аспект во законот за детска заштита на Република Северна Македонија* и која се потврди, може да се објасни преку фактот дека некои социо-културни фактори придонесуваат егзистенцијалното да се перцепира како позначајно од психолошкото во детската заштита. Тоа е така поради неколку причини од кои една е дека ние сеуште се сметаме за земја во развој а тоа значи дека многу семејства, а со тоа и родители, старатели и згрижувачи на деца се соочуваат со егзистенцијални проблеми и потешкотии какви што се: ниската вработеност, слабите примања, недоволно квалитетните услови за домување и сл., а што придонесува во нашата средина сеуште тие проблеми да бидат на едно од првите места при законските решенија за детска заштита. И покрај тоа што мораме да се сложиме околу суштинската важност на егзистенцијалните варијабли, без кои не би бил возможен никаков развој ниту заштита на децата, сепак, насушно е потребно, дури и неопходно да се стави акцент на пшсихолошките фактори при сите и секаквите законски решенија кога детската заштита е во прашање.

Потхипотеза 3:

Потхипотезата 3 која гласеше: *Психолошкиот аспект е помалку процентуално застапен од педагошкиот аспект во законот за детска заштита на Република Северна Македонија* а која се потврди, нѐ води кон толкувањето дека психолошките фактори се помалку застапени а со тоа и помалку вреднувани од педагошките, т.е. дека сеуште на нив се гледа како на споредни појави во севкупната детска заштита. Тоа во реалниот живот и не е толку точно, бидејќи и во самиот воспитно-образовен систем, психолошките фактори и тоа како се присутни а со тоа се присутни не помалку од педагошките и во детската заштита. Имено, во самата педагошка практика се применуваат низа научни и стручни сознанија од развојната психологија на детството и адолесценцијата како и до социјалната психологија и психологијата на личноста. Целата педагошка методологија е испреплетена со психолошки методи и техники на работа со децата а тоа е есенцијален дел од детскиот развој и нивниот воспитно-образовен процес. Исто така, не смее да се занемари фактот дека во социјалната заштита а во случајов во детската заштита сепак доминираат психолозите како стручни лица и се многу побројни од педагозите во речиси сите социјално-заштитни институции: центрите за социјална работа, воспитно-поправните домови за деца и млади, невладините порганизации итн. Секако, и педагозите се тука, особено социјалните педагози, педагозите вработени во институциите за социјална заштита, иако, пак ќе нагласиме во помал број. Оттаму, се наметнува прашањето колку е оправдано педагошкото да преовладува во законот за детска заштита и покрај фактот дека тоа преовладување не е големо.

Потхипотеза 4:

Потхипотезата 4 која гласеше: *Од сите четири аспекти, социјалниот е процентуално најзастапен во законот за детска заштита на Република Северна Македонија* а која се потврди, беше детално продискутирана во општата дискусија, така што, овде нема дополнително да ја дискутираме и со тоа, непотребно да го оптоваруваме текстот.

Потхипотеза 5:

Потхипотезата 5 која гласеше: *Социјалното е повеќе процентуално застапено од егзистенцијалното во законот за детска заштита на Република Северна Македонија* а

која, исто така се потврди, може да се продискутира преку фактот дека сите политики и методологии кои имаат за цел детска заштита се базирани на социјалните практики, а што овозможува донекаде оправдана предоминација на социјалното. Од друга страна пак, егзистенцијалното мора да се има предвид во секој закон за детска заштита, бидејќи во него се содржани основните хуманистички постулати врз кои се темели секоја добра и квалитетна социјална политика и работа а во корист на детската добробит.

Потхипотеза 6:

Потхипотезата 6 која гласеше: *Социјалното е повеќе процентуално застапено од педагошкото во законот за детска заштита на Република Северна Македонија* а која се потврди, може да се должи на фактот дека социјалното по природата на својата област и треба да доминира во детската заштита. Сепак, се прашуваме дали оваа огромна разлика е оправдана од аспект на тоа дека педагошкото е витален аспект на севкупната социјална заштита на децата, почнувајќи од важноста на предучилишното воспитание и образование па се до образованието во погорните одделенија. Освен тоа, без добар воспитно-образовен процес и систем немаме и добра основа за социјална правда а уште помалку за социјална заштита.

Потхипотеза 7:

Потхипотезата 7 која гласеше: *Егзистенцијалното е повеќе процентуално застапено од педагошкото во законот за детска заштита на Република Северна Македонија* а која е единствената потхипотеза која не се потврди, се објаснува со фактот дека акцентот сеуште се става на педагошкото наспроти егзистенцијалното. Тоа може да се должи на фактот погоре споменат дека педагошкото е повеќе институционализирано наспроти егзистенцијалното, иако второто, како што повеќе пати нагласивме е во суштината на социјалната а со тоа и на детската заштита како збир и систем на вредности.

III.3. Заклучок

Општиот заклучок е дека главната хипотеза, како и потхипотезите: 1, 2, 3, 4, 5 и 6 се потврдија. Единствена хипотеза која не се потврди беше потхипотезата 7.

Од севкупното комплексно и обемно истражување на законот за детска заштита на Република Северна Македонија, според главната хипотеза и 7-те потхипотези, произлегоа следните засебни заклучоци:

- Главната хипотеза во истражувањето: *Психолошкиот аспект е најмалку процентуално застапен наспроти социјалниот, педагошкиот и егзистенцијалниот аспект во законот за детска заштита на Република Северна Македонија*, се потврди.
- Потхипотезата 1: *Психолошкиот аспект е помалку процентуално застапен од социјалниот аспект во законот за детска заштита на Република Северна Македонија* се потврди.
- Потхипотезата 2: *Психолошкиот аспект е помалку процентуално застапен од егзистенцијалниот аспект во законот за детска заштита на Република Северна Македонија* се потврди.
- Потхипотезата 3: *Психолошкиот аспект е помалку процентуално застапен од педагошкиот аспект во законот за детска заштита на Република Северна Македонија* се потврди.
- Потхипотезата 4: *Од сите четири аспекти, социјалниот е процентуално најзастапен во законот за детска заштита на Република Северна Македонија* се потврди.
- Потхипотезата 5: *Социјалното е повеќе процентуално застапено од егзистенцијалното во законот за детска заштита на Република Северна Македонија* се потврди.

- Потхипотезата 6: *Социјалното е повеќе процентуално застапено од педагошкото во законот за детска заштита на Република Северна Македонија* се потврди.
- Потхипотезата 7: *Егзистенцијалното е повеќе процентуално застапено од педагошкото во законот за детска заштита на Република Северна Македонија* не се потврди.

Ваквите резултати покажуваат дека истражувачкиот проблем, истражувачките прашања и претпоставените одговори (хипотези) кои ги поставивме во овој истражувачки магистерски труд го оправдаа самиот труд, т.е. неопходноста од едно вакво истражување. Овие резултати, кои се воедно први од овој тип и оваа проблематика во нашата земја, не водат до општиот заклучок дека на законот за детска заштита на Република Северна Македонија му недостига токму психолошкиот аспект, т.е. овој труд наведува на предлози кои би се прагматизирале во иднина а кои би воделе кон ревизија за присуството на еден вака значаен аспект (психолошкиот) во еден толку важен закон – законот за детска заштита. Овие заклучоци од трудот се од огромна корист не само за науката во нашата средина, туку и особено се од голема важност за подобрување на детската заштита, преку обезбедување на ревидиран закон во кој на многу позначајно место ќе дојде психолошкиот аспект на детската заштита, кој, неоправдано, заради многуте причини објаснети во дискусијата, долго време бил/е занемаруван од институционалните авторитети. Овој труд дава насока во кој правец, на кој начин, како да се подоб ри постоешкиот закон за детска заштита на Република Северна Македонија.

Користена литература:

1. Alternative Care Guidelines. (2010). A/RES/64/142, Guidelines for the alternative care of children, resolution adopted by United Nations General Assembly 64/142, annex, 24 February 2010. Retrieved from https://www.unicef.org/ protection/alternative_care_Guidelines-English.pdf

2. Asian Development Bank. Social Protection. [Date accessed October 31, 2010]

3. Becker, J.V. , Alpert, J.L. , Subia Bigfoot, D. , Bonner, B.L. , Geddie, L.F. , Henggeler, S.W. , Kaufmann, K.L. , & Walker, C.E. (1995). Empirical research on child abuse treatment: report by the Child Abuse and Neglect Treatment Working Group, American Psychological Association. Journal of Clinical Child Psychology, 24 (suppl), 23-46.

4. Betcherman, G., Olivas, K. and Dar, A., 2004, 'Impacts of Active Labor Market Programs: New Evidence from Evaluations with Particular Attention to Developing and Transition Countries', Social Protection Discussion Paper Series no. 0402, World Bank, Washington

5. Boyle, S., H.Hull, G., H. Mather, J., Lorenzo Smith, L., O.W., Farley (2006): Direct Practice in Social Work, Universitiy of Utah

6. Bulinger, N., Novak, J. (2004): Mrežni socijalni rad, Filozofski fakultet, Banja LukaBrkić, M. (2010): Zastupanje u socijalnom radu, Čigoja štampa, Beograd

7. Buljubašić, S., Ćuk, M., Gajić, D., Milinković, J. (2015): Priručnik za djelovanje centara za socijalni rad u vanrednim situacijama izazvanim prirodnim nesrećama, Federalno ministarstvo rada i socijalne politike iMinistarstvo zdravlja i socijalne zaštite Republike Srpske.

8. Van den Boom, P. M. (2017). Advancing children's rights through parent support services. In T. Liefaard & J. Sloth-Nielsen (Eds.), The United Nations convention on the rights of the child: Taking stock after 25 years and looking ahead (pp. 801–812). Leiden/Boston: Brill/Nijhoff.

9. Vidanović, I. (2003): Terapijski modeli socijalnog rada, Beograd

10. Wilkins, David (2015) The use of theory and research knowledge in child protection social work practice: A study of disorganised attachment and child protection assessment. Doctor of Philosophy (PhD) thesis, University of Kent,.

11. Vuković, Drenka. Socijalna sigurnost . Beograd: Fakultet politickih nauka (2009).

12. White, H. (2017). Effective targeting of social programmes: An overview of issues. Journal of CHILD PROTECTION MODEL LAW - Best Practices: Protection of Children from Neglect, Abuse, Maltreatment, and Exploitation, January 2013, The Protection Project The Johns Hopkins University Paul H. Nitze School of Advanced International Studies (SAIS); The International Centre for Missing & Exploited Children (ICMEC)

13. Global Study. (2006). Report of the independent expert for the United Nations study on violence against children, A61/299, P.S. Pinheiro. Retrieved from http://www.unviolencestudy.org/

14. White, H. (2017). Effective targeting of social programmes: An overview of issues. Journal of

Development Effectiveness, 9(2), 145–161.

15. Governance and Social Development Resource Centre. [Date accessed October 31, 2010] (http://www.gsdrc.org/go/topic-guides/social protection/types-of-social-protection)

16. Davidson, J., Elsley, S., Milligan, I., & Quinn, N. (2012). Moving forward: Implementing the 'Guidelines for the alternative care of children'. Glasgow: Centre for Excellence for Looked After Children in Scotland (CELCIS). Retrieved from http://www.alternativecareguidelines.org/Portals/46/ Moving-forward/Moving-Forward-implementing-the-guidelines-for-web1.pdf.

17. Davis, Rebecca; McCaffery, Jim; Conticini, Alessandro / Training Resources Group and Play Therapy Africa (2012). Strengthening child protection systems in Sub-Saharan Africa. A working paper. Inter-agency Group on Child Protection Systems in Sub-Saharan Africa.

http://www.unicef.org/wcaro/english/strengthening_child_protection_systems_in_sub-Saharan_Africa_-_August_2012_.pdf

18. De Sas Kropiwnicki, Zosa (2012). Protecting children from violence: A synthesis of evaluation findings. UNICEF. http://www.unicef.org/evaldatabase/index_66192.html

19. Devereux, S. & Sabates-Wheeler, R. (2004). Transformative social protection. (IDS Working Paper 232). Brighton: IDS.

20. F. E. Mc Dermott, Routledge-Kegan Paul. 2005. Self-determination in social work, A Collection of Essayes on Self-Determination and Related Concepts by Philosphers and Social Work Theorists, Edited by F. E. Mc Dermott, Routledge-Kegan Paul, London and Boston, 2005

21. Доневска, М. (1999), Теоретските основи во социјалната работа, Филозофски факултет, Скопје

22. Einspieler, C., Marschik, P. B. Protecting the psychological health of children through effective communication about COVID-19. Published Online March 27, 2020 https://doi.org/10.1016/ S2352-4642(20)30096-1

23. ЗАКОН ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА. Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година

24. ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦА (Консолидиран текст). Сл.весник на Република Македонија“ бр.23/13

25. International Labour Organization. [Date accessed October 31, 2010] (http://www.ilo.org/public/english/protection/secsoc/areas/policy/informal.htm)

26. International Labour Organization, Convention Concerning the Prohibition and Immediate Action for the Elimination of the Worst Forms of Child Labour, Convention No. 182 of June 17, 1999, entered into force Nov. 19, 2000)

27. ILO–UNICEF. (2019). Towards universal social protection for children: Achieving SDG 1.3.

ILO–UNICEF Joint Report on Social Protection for Children. New York & Geneva: UNICEF and International Labour Office.

28. Jary, David, and Julia Jary. HarperCollins dictionary of sociology . HarperPerennial, 1991.

29. Judith V. Becker, Judith L. Alpert, Dolores Subia BigFoot, Barbara L. Bonner, Lane F. Geddie, Scott W. Henggeler, Keith L. Kaufman & C. Eugene Walker (1995) Empirical Research on Child Abuse Treatment: Report by the Child Abuse and Neglect Treatment Working Group, American Psychological Association, Journal of Clinical Child Psychology, 24:sup1, 23-46, DOI: 10.1080/0047228X.1995.10801977

30. Kerner G. Yunsson L. Teorija socijalno-psihološkog rada. M.: INFRA-M, 2002. - S. 128

31. Knežević, M. ČIKAŠKA SOCIOLOŠKA ŠKOLA – ISKUSTVA SOCIJALNOG RADA ZA SOCIOLOGIJU I SOCIOLOŠKA TEORIJA ZA SOCIJALNI RAD. Ljetopis Socijalnog Rada • January 2009, 16 (1), 5-28.

32. Mandić,Lj. predstavnici PZSZ. REČNIK SOCIJALNE ZAŠTITE. Pokrajinski zavod za socijalnu zaštitu.

33. Maniquet, F., Fleurbaey, M. 2009. A Theory of Fairness and Social Welfare. DOI: 10.1017/CBO9780511851971 • Source: RePEc

34. Matković, Gordana, Boško Mijatović i Katarina Stanić. Novčana davanja za decu i porodice sa decom u Srbiji, analiza i preporuka.

35. Medrano T., Tabben-Toussaint A. Manual 1: Child Protection Basics, FHI 360 Child Protection Toolkit. Research Triangle Park, NC: FHI 360; 2012.

36. Melissa Kimber and Harriet L. MacMillan Pediatrics in Review October 2017, 38 (10) 496-498; DOI: https://doi.org/10.1542/pir.2016-0224

37. Milenković, D. 2010. Vodič kroz Zakon o zabrani diskriminacije : Priručnik za socijalne radnike. Beograd: Helsinški odbor za ljudska prava u Srbiji.

38. Norton, A., Conway, T., Foster, M. 2001. SOCIAL PROTECTION CONCEPTS AND APPROACHES: IMPLICATIONS FOR POLICY AND PRACTICE IN INTERNATIONAL DEVELOPMEN. Centre for Aid and Public Expenditure. London: Overseas Development Institute.

39. Payne, M. (2001): Savremena teorija socijalnog rada, Filozofski fakultet, Univerzitet u Banjoj Luci.

40. Peters, J. K. (2018). Seeking dignity, voice and story for children in our child protective systems. International Journal of Children's Rights, 26(1), 5–15.

41. Ranson, M., 2002, 'Reduction of Catastrophic Health Care Expenditures by a Community-Based Health Insurance Scheme in Gujarat, India: Current Experiences and Challenges', Bulletin of the World Health Organization, vol. 80, no. 8

42. Sandberg, K. (2018, forthcoming). Alternative care and children's rights. In U. Kilkelly & T. Liefaard (eds) International children's rights. Singapore: Springer Nature.

43. Spinelli M, Lionetti F, Pastore M and Fasolo M (2020) Parents' Stress and Children's Psychological Problems in Families Facing the COVID-19 Outbreak in Italy. Front. Psychol. 11:1713. doi: 10.3389/fpsyg.2020.01713

44. Stoesz, David. "A Theory of Social Welfare." Social Work, vol. 34, no. 2, 1989, pp. 101–107. JSTOR, www.jstor.org/stable/23715780. Accessed 15 Mar. 2021.

45. Sue, Derald Wing. Multicultural Social Work Practice. John Wiley & Sons (2005)

46. Termiz, Dž. (2013): Kritika teorije, Amos Graf, Sarajevo

47. Termiz , Dž. (2005): Teorija nauke o socijalnom radu, Grafit, Lukavac

48. Falch-Eriksen, E. Backe-Hansen (eds.) 2018. Children's Right to Protection Under the CRC. Human Rights in Child Protection, https://doi.org/10.1007/978-3-319-94800-3_2

49. Howe, D. (2003): Uvod u teoriju socijalnog rada, Nučnoistraživački centar za socijalni rad.

50. Howell, F., 2001, 'Social Assistance - Theoretical Background', in 'Social Protection in the Asia and Pacific', ed. I. Ortiz, Asian Development Bank, Manila, ch. 7

51. https://planerny-ndv.ru/bs/the-transport-tax/teoreticheskie-osnovy-socialnoi-raboty-teoreticheskie-osnovy-socialnoi.html

52. Cantwell, N. (2017). Are ‘best interests’ a pillar or a problem for implementing the human rights of children? In T. Liefaard & J. Sloth-Nielsen (Eds.), The United Nations convention on the rights of the child: Taking stock after 25 years and looking ahead (pp. 61–72). Leiden/Boston: Brill/Nijhoff. Cantwell,

53. Carter, B., Roelen, K., Enfield S. and Avis, W. (2019). Social Protection Topic Guide. Revised Edition. K4D Emerging Issues Report. Brighton, UK: Institute of Development Studies.

54. Chen, M. Informality and Social Protection: Theories and Realities. IDS Bulletin Volume 39 Number 2 May 2008 © Institute of Development Studies, 18-27.

55. Convention on the Rights of the Child (CRC), adopted by UN GA resolution 44/25 of Nov.20, 1989, entered into force Sep. 2, 1990;

56. Child protection index 2.0, Bosnia and Hercegovina, 2019: Measuring government efforts to protect girls and boys.

Додаток (приказ на инструментот користен во трудот)

РАБОТНА МАТРИЦА СО КАТЕГОРИИ НА ПОСЕБНИ ПОИМИ/ЗБОРОВИ

(приказ на дел од работната матрица)

Категорија	**Посебни поими/зборови кои влегуваат во категоријата**	**Вкупно посебни поими/зборови во категорија**	**Процент на посебни поими/зборови од категорија од вкупниот број поими/зборови во сите категории**	**Ранг**
Социјално	Заштита Права Социјална дејност Родители/родителски Старатели Семејство Блок дотации Мајка Татко Странство Правни лица Барател	**220**	**58,98 %**	**I (прв)**

	Корисник Неповолна положба (социјална) Држава Локална самоуправа Популациона политика Социјален развој Установи Нега Критериум Службена должност Центар за ран детски развој Чување Професионална (дејност) Служби Посебен додаток Надоместоци за телесно оштетување Паричен надоместок за помош и нега од друго лице Еднократна парична помош Еднократна парична			

	помош за новороденче Родителски додаток за дете Приходите на згрижувачкото семејство Паричен надоместок за трошоците за згрижено лице во згрижувачко семејство Помош во случај на елементарни непогоди Субвенции по основ на вршење на земјоделска дејност како единствено занимање и Алиментација која ја дава родителот за издршка на детето од разведен брак Рекреација Раса Националност /но Етничко потекло Социјално потекло Културна припадност Боја на кожа Пол			

	Јазик Вероисповест Експлоатација Брачни другари Вонбрачни другари Посиноци Политички/о/а Статус Детска порнографија Стручен кадар Централен регистар Агенции Детска проституција Насилно подведување Трговија (со деца) Трговија со дроги Вооружени судири Регрутирање Нечовечко постапување Комерцијално искористување			

	Незаконско/и/а Систем (социјален) Мерки (социјални) Граѓанин/и Надлежен орган/и Социјална сигурност Влада/та Игра/и Приватни установи Правно/а/и Статут Министерство Печат Грб (државен) Програма Центар за Социјална работа Странски државјанин Меѓународни договори/договор Територија Комисија Директор			

	Устав Брак Посвоени деца Внуци Браќа Сестри Казна затвор Стопанисување Бесплатно издржување Самохран родител Завод за статистика Државјанин Семејна пензија Брачна заедница Вонбрачна заедница Близнаци Одземена деловна способност Буџет Лични податоци Прописи Документација			

	Уверенија/е Службена евиденција Жалба Потврди/а Книга на родените Социјализација Културно-забавни Спортско-рекреативни Соработка Групи/а Прифаќање Издавачка дејност Спорт Родоскврнавење Лиценца Ресоцијализација Социјална реинтеграција Болница Дом на култура Месна заедница Зависност од алкохол			

	Детско одморалиште Летување Зимување Екскурзии Фирма Писарница/та Кампување Семинар/и Скијачка школа Градоначалник Суд Совет на родители Персонал Социјални работи Штрајк Регистар на правни лица Регистар на физички лица Регистар на агенции за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст			

	Регистар на детски градинки/центри за ран детски развој како организациони единици Регистар на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци за работа Македонски јазик Кирилско писмо Припадници на заедниците Матичен број Презиме Надзор Уставност Законитост Манифестации/ја Билет Театар Кино Новороденче			

	Покренатa постапка Прекршочен платен налог Закон за прекршоци Глоба Прекршочни одредби Поштенска пратка Министерство за труд и социјална работа Министерство за образование и наука Министерство за здравство Инспекциски надзор Инспектор Полнолетно (лице) Забрана за вршење дејност Работно искуство Систематизација на работни места Државни службеници			

	Службено својство Овластување Службена легитимација Службена исправа			
Егзистенцијално	Етички кодекс Домашни услови Егзистенција Опрема Финансии Вистинитост/а Животен стандард Финансиски план Дом Престој Санитарно-хигиенски услови Финансиски средства Исхрана Нега Почине/починато/починува Материјална помош	**51**	**13,67 %**	**III (трети)**

	Издржување Сопствени приходи Подигнување Средства Исчезнат/а/и/то Обезбеденост Обезбедување Обезбеден/а/о Живот Смрт/та Слобода/и (човекови) Безбедност Трошење Трошоци Имотна состојба Живеалиште Имот Вработени Невработено лице Невработени Трајна вредност			

	Трошоци на живот Морален развој			
Педагошко	Образование Педагошка документација Општествени науки Педагошка евиденција Степен на образование Више/о образование Едукација Дневник за работа на градинката/центар за ран детски развој Дневник за работа на воспитната група Планирање и подготвување на воспитно-образовната работа Досие на детето	**52**	**13.94 %**	**II (втор)**

	Воспитание Дидактички средства Предучилишна возраст Музички педагог Ликовен педагог Педагог по физичко воспитание Школување Вонредно школување Ученик Предучилишни педагози Основно училиште Средно училиште Редовен ученик Воспитно-образовни Настава Неговател Специјализација Усовршување (образовно)			

	Воспитна дејност Настава во природа Педагошки работи Воспитувач Помошник-воспитувач Дипломиран педагог Дипломиран специјален едукатор Дипломиран специјален рехабилитатор Воспитно-образовни содржини Методи (педагошки) Прирачници Детски списанија			
Психолошко	Дипломиран психолог Психолошки работи Психичко закрепнување Психички здрав/а/о	**50**	**13,40 %**	**IV (четврти)**

	Душевна болест Советувалиште Ментален развој Емоционален развој Интерес Неспособно (психолошки) Личност Мислење Креативни активности Внимание Зрелост Траума/и Лични/лично Позитивно мислење Психолошки тест Тест за интегритет Вознемирување Психичко насилство Малтретирање (психичко)			

	Комбинирани пречки во развојот Казнување (психичко) Спреченост (психичка/ментална) Специфични потреби Тешкотии во однесувањето Степен на попреченост Пречки во развојот (ментален) Ментална попреченост Аутизам Интелектуален развој Психомоторен развој Способност Ориентација во просторот Талент			

	Креативност/и Идентитет			
Вкупно посебни поими/зборови во сите категории		**373**	**/**	
Вкупно проценти на посебни поими/зборови од сите категории		/	**100,00 %**	